ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

01 2022 02 01

Скопје, февруари 2023

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 35 |
| Финансиски извештаи за 2020 и 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 36 |
| Биланс на состојба | 37 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 38 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 39 - 42 |
| Сметководствени политики | 42 - 43 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 44 - 54 |
| Прилог 1 - Известување за извршена проверка на преземените мерки | 55 - 65 |
| Прилог 2 – Забелешки кон Нацрт извештај | |
| Прилог 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

Фонд - Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија
ПИО – Пензиско и инвалидско осигурување
ЗЈН – Закон за јавни набавки
УЈП – Управа за јавни приходи
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
ЕО – Економски оператор (учесник во постапка за јавни набавки)
ИТ – Информатички технологии
ЈВФК – Јавна внатрешна финансиска контрола;

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 22-62/7

Дата: 03.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2021 година.

Со извршената ревизија за 2021 година изразивме мислење со резерва во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година, при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата е опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2020 година, презентирано во Известување како прилог кон овој Извештај, при што е констатирано дека од вкупно осумнаесет препораки една препорака е спроведена, спроведувањето на три препораки е во тек, три препораки имаат статус на делумно спроведени и единаесет препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година, ревизијата утврди дека:

- системот на внатрешни контроли во процесот на остварување на правата од ПИО и процесот на исплата на пензиските примања е уреден со повеќе поединечни интерни акти и процедури од кои дел не се ажурирани целосно согласно на електронскиот систем кој е во примена;

- отсуствува целосна поделба на надлежностите и одговорностите на вработените вклучени во процесот поради недостиг на вработени**,** а воспоставените внатрешни контроли не секогаш го покриваат ризикот од комплетност на документацијата во електронското пензиско досие, точност и навременост во постапката. Поради наведеното постои ризик од неправилности во постапката за признавање на правата од ПИО, како и ризик од исплата на пензија и по истекот на законски утврденото право;
- Фондот се соочува со недостиг на потребните кадровски капацитети во делот на стручен и обучен кадар за актуарство поради што изостанува реализирање на активности за изготвување анализи за состојбите во пензискиот систем, недоволен е бројот на вработени во Секторот за ИТ, а внатрешната ревизија функционира без утврдениот законски минимум на потребен кадар;
- слабостите во чување и архивирање на податоците во матичната евиденција го оневозможуваат потврдувањето на веродостојноста и целосноста на регистрираните податоци, потребни за остварување на правата од ПИО;
- поради недобиени соодветни податоци за вработување и регистрација на обврзниците, како и грешки при внесот од страна на други институции, на уплатната сметка наменета за прибирање средства од наплатен придонес за ПИО има нераспоредени средства кои Фондот не може да ги користи, а осигурениците не можат да ги остварат правата од ПИО;
- недоволните механизми за присилна наплата на утврдените штети поради неоснована исплата на пензии за кои се евидентираат побарувања од граѓани, а нискиот процент на поврат на повеќе исплатените средства упатува на неизвесност за наплата на истите во наредниот период;
- постојат слабости при спроведувањето и реализацијата на дел од постапките за јавни набавки.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:

- неповолна финансиска состојба во која се наоѓа друштвото за угостителство, одмор и рекреација на пензионери Борец во Битола, чиј основач е Фондот
- судските постапки во кои Фондот е тужена страна односно тужител и
- состојбата на неосновано повлечени средства од сметката на Фондот од страна на извршителите по основ на налози за извршување, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија, како и активности од страна на Фондот поврзани со реализација на налози за извршување.

Во делот на останати прашања известуваме за:

- структурата и нивото на остварени приходи во известувачкиот период дефицитот во исплатата на пензиските примања, како и неизвесностите по работењето на Фондот поврзани со инфлаторните движења и неповолните демографски движења;

- воспоставениот систем за утврдување, контрола и наплата на придонес кој не се базира на целосно ажурно и точно интегрирање и навремена размена на податоци од институциите, што влијае на комплетноста на приходите, како и на ликвидноста на Фондот и одржливоста на пензискиот систем;
- неплатениот придонес од 2009 година наваму за кој Фондот нема целосно точни информации поради несинхронизираност, неажурност и непотполност на податоците од различни институции и
- најголем дел од побарувањата за неплатен придонес кои заклучно со 2008 година се од неактивни обврзници или обврзници за кои е покрената стечајна постапка и за истите постои неизвесност за наплата.

Од страна на раководството и поранешниот директор на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека една забелешка се прифаќа, една забелешка е делумно прифатена и две забелешки не се прифатени, а останатите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 36 до 38 заедно со ревизија на усогласеност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија при што издадено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатите од финансиските активности, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија застапуван од:

- Билјана Јовановска, директор од 28.10.2020 – 08.02.2022 година;
- Дритан Беџети, директор од 08.02.2022 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ИССАИ). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.07.2021 до 11.11.2021 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2020 година, презентирано како прилог кон овој Извештај. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека Фондот делумно има преземено мерки за имплементација на дадените препораки и тоа од вкупно осумнаесет препораки една препорака е спроведена, спроведувањето на три препораки е во тек, три препораки имаат статус на делумно спроведени и единаесет препораки не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 19.12.2022 година.

На ден 14.02.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија бр. 22-62/1 од 12.01.2023 година од раководното лице на Фондот Дритан Беџети, в.д. директор заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-62/5 од 14.02.2023 година.
На ден 15.02.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија (Фондот) бр. 22-62/1 од 12.01.2023 година од Билјана Јовановска, поранешен директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-62/6 од 15.02.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точка 4.1.1, 4.1.2, 4.2.1, 4.2.2, 4.2.4, 4.2.5, 4.2.6, 4.3.1, 4.3.2, 4.3.3, 4.4.1, 4.4.2, 4.4.3, 6.2, 6.4, 6.7 и 7.1. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката на точка 4.4.1 е прифатена а на точка 4.1.1. е делумно прифатена, при што текстот на наодите во овие точки е соодветно прилагоден, а забелешката на точка 4.4.2, и точка 4.4.3. не се прифаќа, а останатите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Внатрешни контроли

### Остварување на права од ПИО

4.1.1. Одделните процеси поврзани со остварувањето на право од ПИО (старосна пензија, инвалидска пензија, и семејна пензија, право на најнизок износ на пензија, право на паричен надоместок за телесно оштетување и други парични надоместоци) освен со Законот за ПИО е уредено со повеќе интерни акти и процедури. Постапката за утврдување на правата и обработката на барањата до донесување решение се врши во подрачните единици на Фондот при што се констатирани слабости во воспоставениот систем и постапки за остварување на правата од ПИО за кои ревизијата во континуитет известува кои се однесуваат на:

- поделбата на надлежностите и одговорностите во процесот на обработка на пензиските предмети[1] која поради намалување на бројот на вработени не е целосна, а се надминува со давање овластувања на лица со договор на дело;
- дел од процедурите за одделни процеси кои се во примена[2] се донесени врз основа на стариот Закон за ПИО[3] и со истите не се опфатени сите чекори во постапката и не се прецизирани документите кои се креираат преку електронскиот систем. Кон крајот на 2021 година изработени се процедури со кои се коригираат овие недостатоци, меѓутоа истите сеуште не се усвоени и одобрени за употреба.
- дел од документацијата не приложува кон барањето за остварување на право од ПИО и не се потврдуваат со електронски потписи од страна на лицата задолжени за изработка и контрола составен дел на електронското пензиско досие.

Утврдените состојби на воспоставените внатрешни контроли не се во согласност со член 7 и член 16 од ЗЈВФК, поради што постои ризик од различно постапување од страна на филијалите на Фондот во делот на обработката и комплетирањето на документацијата во пензиските предмети, како и ризик од точност и навременост во постапката согласно на законската и подзаконска регулатива од областа.

Во декември 2021 година и во текот на 2022 година извршени се соодветни обуки на вработените во Фондот со цел да се запознаат со измените и примената на новите процедури во работењето.

[1] Архивари, референти и контролори за матична евиденција и референти и контролори за решавање

[2] Процедура: Комплетирање на податоците за осигуреникот во матичната евиденција на Фондот кога е поднесено барање за остварување право од ПИО (бр.02-2004/1 од 24.03.2011 година), Процедура: Донесување на решение во прв степен од областа на ПИО во Филијала при Фондот на ПИОМ (бр.02-1877/1 од 22.03.2011 година); Процес за остварување право на семејна пензија од корисник и од осигуреник и семејна пензија по основ на неспособност (бр.02-2857/1 од 18.05.2012 година)

[3] Со важност до 2012 година

Препорака

Одговорните лица за раководење во Фондот да преземат активности за:

- воспоставување целосна поделба на надлежности и одговорности во рамките на сите активности кои се во надлежност на Фондот;
- обезбедување комплетност на документацијата во електронските пензиски досиеја за остварување на права од ПИО и
- усвојување на изработените процедури и нивна примена во тековното работење на сите филијали на Фондот.

### Исплата на пензиски примања

4.1.2. Исплатата на пензиските примања се одвива преку воспоставениот електронски систем во рамки на Одделението за исплата на пензиски примања во Централата на Фондот. Со увид во системот за следење и обработка на финансиските досиеја и исплата на пензиските примања, ги утврдивме следните состојби за кои ревизијата во континуитет известува:

- не е извршено целосно ажурирање на интерните акти со кои се уредуваат постапките и контролите во овој процес, при што освен една процедура донесена во 2018 година[4], останатите процедури со кои се уредува постапувањето во Одделението, датираат од 2011 и 2012 година и се донесени согласно стариот Закон за ПИО[5]. Не е донесена процедура за уредување на процесот на прием, евидентирање и одложување на примените документи, вклучително и на налозите за извршување доставени од извршителите. Од страна на одговорните лица во Фондот добивме информација дека ажурирањето на овие процедури е во тек, изработени се драфт верзии на процедурите, меѓутоа истите не се усвоени;
- активностите во процесот на исплата на пензии, согласно процедурите ги вршат повеќе вработени од одделенијата во Секторот за финансиски прашања и Секторот за ИТ, но за внесените податоци и извршените проверки за потврдување на точноста, не е предвидено авторизирање на пресметките за исплата на пензии од страна на инволвираните лица во процесот. Се авторизираат единствено налозите за исплата од сметката на Фондот;
- не е предвидено усогласување помеѓу Одделението за исплата на пензиски примања и Одделението за сметководство и плаќање во однос на пресметаниот износ за исплата и конечната исплата по банки и корисници, поради што постои ризик од грешки при исплата на пензиите;
- иако со Процедурата за исплата на пензиски примања предвидува паралелно со електронското досие да се отвора и ажурира и хартиено финансиско досие, во пракса истото е напуштено, а сите записи се регистрираат и следат само преку

[4] Процес на исплата на пензиски примања бр.02-2062/1 од 25.04.2018 година
[5] Процедури за: отворање финансиско досие, промена на податоци, откривање и постапување по штети, рачна исплата на пензии за починати корисници

електронското досие. При тоа утврдени се слабости во контролите кои се однесуваат на приемот, скенирањето и електронско одложување на пресметката и доставувањето на документацијата за докажување на исполнување на условите поради што има ризик од ненавремена исплата на дел од пензиските примања;

- електронскиот систем има вградени контроли и автоматско преземање на податоците за корисниците, износите за исплата и коефициентите за усогласување на пензиите, но се случува параметрите од кои зависи утврдувањето на висината на пензиските примања поради технички проблеми да не се преземат целосно точно, поради што има ризик од грешки во пресметките, а мала е извесноста за корекции без реакција на корисникот;
- и покрај преземените активности за поврзување на базите на податоци и преземање на потребните информации и документација од надлежните институции (информации за починати корисници[6], школски потврди[7], потврди за живот[8]) истите, не секогаш навремено и комплетно се добиваат. Особено е проблем ненавременото пријавување на починат корисник од страна на семејството и од страна на надлежната институција, поради што постои ризик од исплата на корисници кои не ги исполнуваат условите, а да не е навремено донесено решение за престанок на правото и ставање на исплатата во мирување. Во ваков случај, по извршена исплата на пензии по истекот на законски утврденото право, се отвораат посебни предмети за штети и се евидентираат побарувања за кои Фондот покренува постапка за надоместок на штета од корисниците, но истите не ги даваат очекуваните резултати;
- согласно меѓународни договори за социјално осигурување за остварено право Одделението за исплата на пензиски примања тековно, во корист на странските фондови еднократно исплатува средства по доставени списоци на корисници, на кои овие фондови им исплатувале пензија во минат период, што доведува до непредвидени расходи на Фондот, што се должи на ненавремено доставени потврди за живот, забавена комуникација и размена на информации и пропишани обрасци со пензиските фондови во странство. Исто така, и Фондот континуирано доставува барања за наплата на евидентираните отштетни побарувања од странските фондови, но постапувањето по истите е со забавена динамика поради долгиот период на постапување од страна на надлежните странски фондови.

Наведените состојби не се во согласност со член 7 и член 16 од ЗЈВФК и Законот за ПИО што упатува на тоа дека со воспоставениот систем на контроли не секогаш се обезбедува навременост и точност во постапката на пресметката и исплата на пензиските примања.

[6] Воспоставена е електронска комуникација со Управата за водење матични книги
[7] Иницијатива за електронско поврзување со Универзитетите во Република Северна Македонија
[8] Договори за електронска размена на податоци за починати корисници со странски фондови за ПИО со Србија и Хрватска

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да преземат активности за:

- целосно ажурирање и усвојување на процедурите за исплата на пензиските примања и нивно усогласување со барањата на електронскиот систем за исплата на пензии и процедурата за евидентирање и одложување на применените документи, вклучително и налозите за извршување во Одделението за исплата на пензиски примања;
- понатамошно интензивирање на активностите за воспоставување системски контроли и навремено обезбедување на потребните податоци при исплата на пензиските примања и
- интензивирање на активностите за поврат на средствата од лицата кои имаат заостанат долг за незаконска и неправилно извршена исплата на пензија.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на Фондот, формирано е Одделение за внатрешна ревизија со еден раководител и пет ревизори. Во текот на 2021 година одделението функционира со еден раководител и двајца вработени соработници за внатрешна ревизија.

Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според кој, согласно годишниот буџет со кој располага Фондот, организационата единица за внатрешна ревизија треба да биде екипирана со најмалку четири ревизори и еден раководител.

Со оглед на обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите како и големото општествено значење кое го има Фондот, и големиот број на подрачни единици, целосната кадровска екипираност на одделението ќе му обезбеди на раководното лице независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системот за внатрешна контрола.

Во оваа насока со Планот за вработувања за 2022 година од страна на Фондот е планирано комплетирањето на ова одделение.

Препорака

Раководното лице на Фондот да продолжи со започнатите активности за кадровско доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија.

4.2.2. Фондот од 2019 година со актите за организација и систематизација предвидел Отсек за актуарство со систематизирани двајца извршители и еден раководител. Согласно информациите добиени од Фондот овие работни места повеќе години не се пополнети, поради дефицитарноста на овој кадар, за што ревизијата во континуитет известува во извештаите од извршените ревизии за работењето на Фондот од минати години. Поради не пополнетост со стручен и обучен кадар на овој

отсек, во подолг временски период е прекинато реализирањето на активности во делот на изготвување актуарски анализи за состојбите во пензискиот систем, врз основа на претпоставките за очекуваните демографски и економски развојни трендови и различните претпоставки на политиката за пензискиот систем и изготвување на актуарски извештаи како и проекции за секоја предлог измена во Законот за ПИО и влијанието на другата законска и подзаконска регулатива од областа на пензискиот систем. Дел од овие активности се спроведуваат од страна на вработени во Секторот за финансиски прашања, а Фондот во текот на 2020 година има распишано оглас за вработување на актуари, меѓутоа истиот не е реализиран поради недостиг на заинтересирани кандидати.

Ревизијата истакнува дека во рамки на проект поддржан од Светска Банка започнати се активности за обука на вработени со цел добивање лиценци за овластен актуар, меѓутоа овие активности во подолг временски период се во застој и истите не се целосно реализирани, поради што нивното успешно завршување е неизвесно.

Препорака

Одговорните лица за раководење на Фондот во соработка со надлежното министерство да продолжат со активностите за пополнување на актуарската единица и непречено функционирање на истата.

4.2.3. Фондот воспоставува и води матична евиденција која содржи податоци потребни за остварување на правата од ПИО. Роковите и условите за чување на документацијата од матична евиденција се уредени со Законот за ПИО. Во исто време заштитата, чувањето и постапувањето со јавниот документарен архивски материјал се уредени со Законот за архивски материјал и подзаконските акти произлезени од истиот.

Во врска со ова Фондот во минатото има користено различни технологии за архивирање на документацијата и внес на податоците во матичната евиденција, односно до 2005 година внесот на податоци се вршел рачно додека архивирањето се вршело со микрофилмска технологија до 1992 година, а од 1997 година до 2005 година со скенирање на документацијата. По 2005 година е преминато на автоматски внес на податоците и архивирање на документацијата со електронско преземање на податоците од месечните пресметки и уплати на придонеси со што ризикот за неточни или невалидни податоци внесени во матичната евиденција е значително намален. Во врска со пренесувањето на документацијата која е архивирана на застарена технологија во периодот од 2011 година до 2020 година Фондот преземал активности за дигитализација на микрофилмски ленти и скенираните документи т.е. пренесување на документите/сликите на соодветни електронски медиуми и нивно индексирање, со користење на услуги од економски оператори, но и самостојно преку свои вработени и набавена опрема за таа намена. Согласно добиена информација од одговорните лица во Фондот, процесот на дигитализација е завршен и останува во наредниот период да се комплетираат

активностите поврзани со индексирањето на дигитализираните микрофилмови од страна на вработени во Фондот без ангажирање на надворешен економски оператор.

Од друга страна, осигурениците за кои нема податоци во матичната евиденција на Фондот, имаат големи потешкотии во обезбедување на потребната документација за докажување на стажот од соодветните правни субјекти и институции. Вообичаено станува збор за ликвидирани субјекти, за кои во Државниот архив не секогаш се наоѓа соодветната документација и за оваа документација воопшто не е започнат процесот на дигитализација. Неможноста за потврдување на податоците за стаж во одреден период во минатото поради горенаведените слабости и законските решенија за начинот на утврдување на стажот како основа за признавање на правото и висината на пензија, го нарушуваат и доведуваат во прашање остварувањето на правата од ПИО (пред сѐ правото на остварување на пензија) на дел од осигурениците кои имаат ограничени механизми за докажување на платен придонес за периодот на осигурување.

Во насока на коригирање на оваа состојба, од страна на МТСП објавен е Оглас[9] за избор на економски оператор за спроведување на проект, во чии рамки се предвидува анализа на состојбата со М4 пријави кои недостасуваат во базата на податоци во Фондот и давање предлог законско решение, со кое ќе се обезбеди креирање на М4 пријави за признавање на стажот кој недостасува, а за кој нема можност на друг начин да се потврди. Во декември 2021 година избраниот консултант изготвил сумарен извештај – Консолидација на податоците на ПИОМ во врска со придонесите на осигурените лица – М4 извештаи со кој меѓу другото се дадени и проекции за потребни финансиски средства за остварување на правото на ПИО за осигурениците за кои не може да се потврди стажот. Со целосната реализација на овој проект се очекува изготвување на законско решение со кое ќе се надминат горенаведените состојби.

Препорака

Органите на управување и раководење на Фондот да преземат активности:

- за довршување на процесот на индексирањето на дигитализираните микрофилмови и скенираните документи;
- во соработка со надлежното министерство и учество во проектот за изнаоѓање на законско решение за обезбедување на остварување на право од ПИО во услови кога матичната евиденција не располага со соодветни податоци, ниту истите можат да се обезбедат на друг начин.

4.2.4. На уплатната сметка на Фондот - сметка за уплата и распределба на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, на крајот на 2021 година има нераспределени средства во износ од 156.102 илјади денари (од кои дел во износ од 90.971 илјади денари се салдо на наведената сметка од претходни години) кои Фондот не може да ги користи за исплата на пензии, а осигурениците немаат можност да ги остварат правата од ПИО.

[9] Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП) реф.бр. МК/SIAP #1.2.2.2

Со воведување на интегрираната наплата преку УЈП од 2009 година износот на нераспределените средства се зголемува во континуитет за што ревизијата известува во извештаите од извршените ревизии за работењето на Фондот од минати години. Нераспределените средства произлегуваат од неконзистентни (неалоцирани и неидентификувани) износи на уплатен придонес, кои не се распоредуваат автоматски поради одредени несовпаѓања:

- неалоцирани уплати најчесто настануваат при уплата на придонес за работа со скратено работно време и времено ангажирани лица, за кои Фондот нема добиено соодветни пријави/одјави за вработување и регистрација на обврзник, а
- неидентификувани уплати настануваат како резултат на поднесени месечни пресметки за плата со неточни податоци или со променети матични односно даночни броеви или пак при делумно или погрешно (повеќе или помалку) уплатени средства од страна на обврзниците.

За разрешување на дел од неидентификуваните уплати, Фондот континуирано носи решенија за поврат на средства за погрешно уплатените износи, изготвени од Одделението за наплата на придонес врз основа на поднесено барање, но наплатата е со мал ефект.

Од друга страна во информацискиот систем редовно се генерира Извештај за неконзистентни уплати, кои поединечно треба да се решат и распределат по осигуреници од страна на вработените во подрачните единици на Фондот. Наведеното влијае на можноста за користење на уплатените средства и за остварување на права од ПИО на поединечни осигуреници.

Со донесувањето на измените за Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување кон крајот на 2018 година, предвиден е рок од три месеци во кој Фондот има обврска да обезбеди соодветни податоци и да изврши распределување на осигурениците и пренесување на придонесите на членовите во вториот пензиски столб, како и плаќање надоместок за ненавремено пренесување на придонесите. Постапувајќи по овој закон, вработените во организациона единица[10] надлежна за работи поврзани со вториот пензиски столб, преземале активности за распределба на нераспределените осигуреници во вториот столб, а воедно и за разрешување на неконзистентните уплати.

### Препорака

Раководното лице на Фондот во соработка со УЈП и останатите институции да ги интензивира активностите за обезбедување на потребните информации и разрешување на состојбите со неалоцираните и нераспределените средства по основ на уплатен придонес за ПИО.

4.2.5. Во врска со техничката обработка и организација на податоците и информациите за осигурениците, корисниците на правата и обврзниците за уплата на придонесот Фондот користи информациски систем во кој функционираат повеќе одделни или меѓусебно поврзани апликации и модули, а во исто време дел од

[10]Согласно Правилник за систематизација на работните места на Фондот од ноември 2019 година формирано е Одделение за спроведување на надлежностите од вториот пензиски столб со предвидени 9 работни места.

апликациите се поврзани и со информациски системи на други институции заради размена на податоци потребни за реализација на обврските на Фондот кон своите осигуреници и обврзници за уплата.
Во Фондот има посебна организациона единица за ИТ, Секторот за информатика, чија надлежност е развој одржување и непречено функционирање на информацискиот систем и веб порталот. Информацискиот систем во Фондот е централизиран, дел од процесите се автоматизирани што придонесува до зголемување на квалитетот на давањето на услуги и намалување на времето на обработката на податоците во подрачните служби на Фондот.

Со извршената ревизија во делот на воспоставениот информациски систем и пропишаната организациона структура на Фондот, го констатиравме следното:

- утврдените состојби во делот на нецелосно спроведено интегрирање на апликациите и модулите како и неусвоени ИТ стратегии за развој на информацискиот систем, заштита на податоците и функционирање на системот по евентуални катастрофи согласно Стандардите за информациска безбедност[11], за што информираме и во извршените ревизии од минати години, сеуште не се надминати.
- Секторот за ИТ, во последните години се соочува со перманентен одлив на вработени, како поради заминување во пензија така и поради трансфер кај друг работодавач. Од вкупно предвидените 63 места вклучително и отсекот скенирање и архивирање на податоци кое не е непосредно вклучено во развојот и одржувањето на системот пополнети се вкупно 23, односно 18 работни места доколку ги исклучиме вработените во спомнатиот отсек. Како причината за ваквата состојба е дефицит на овој кадар државата и платата која Фондот не може да ги понуди.

Наведената состојба може да влијае врз навременото извршување на активности, како и да се доведе во прашање и функционирањето на информацискиот систем и ажурноста на сите воспоставени системи.

Препорака
Одговорните лица за раководење на Фондот да преземат активности за:

- изготвување на стратегии за развој, заштита и безбедност на информацискиот систем и
- обезбедување на потребните кадровски капацитети во Секторот за ИТ во соработка со надлежното министерство.

4.2.6. Согласно Законот за ПИО за остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа, како основ за стекнување на право на инвалидска, односно семејна пензија, како и надоместок за телесно оштетување, фактичката состојба се утврдува врз основа на Наод, оцена и мислење на Комисија за оцена на работната способност, која се формира во рамките на Фондот.

[11] Стандарди за безбедност од фамилијата ISO 27000

Со извршениот увид во презентираната документација и интерните акти со кои се уредува постапката за утврдување на инвалидност и неспособност за работа, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Комисијата за оцена на работната способност во 2021 година функционира со четири вработени лекари специјалисти, наспроти систематизираните 15 работни места за лекари специјалисти. Бројот на лекари во Комисијата, е идентичен во однос на констатираниот број во извештајот од извршената ревизијата за 2020 година, а пополнувањето на испразнетите работни места е отежнато поради слабиот интерес за вработување заради висина на платата, со што значително е отежнато функционирањето на оваа Комисија. Во 2021 година оваа состојба е времено надмината преку ангажирање на 8 лица со договор на дело, меѓутоа изнаоѓање на одржливо долгорочно решение би обезбедило навремено и компетентно извршување на надлежностите на Комисијата, дотолку повеќе што Комисијата постапува и по доставени барања согласно член 2 од Законот за вработување на инвалидни лица и член 178 од Законот за работни односи доведува до дополнителни активности на Комисијата за кои со закон не е предвидена Фондот да врши наплата на соодветен надоместок;
- не е воспоставена електронска поврзаност на архивата на Комисијата за оцена на работната способност во Фондот со Комисијата за ревизија во МТСП, односно не е обезбедено интегрирање во информацискиот систем на Фондот и покрај тоа што е обезбедена целокупната техничка поддршка од страна на Фондот. Поради тоа, предметите и понатаму циркулираат во хартиена форма со оригинална документација, што создава ризик од губење или оштетување на истата. Ваквата состојба во континуитет е истакнувана од страна на ревизијата, но истата не е надмината и влијае на запазување на предвидениот рок[12] за вршење ревизија и утврдување постоење на инвалидност или неспособност за работа.

  Согласно добиено известување од Фондот, се очекува со успешното завршување на СИАП проектот за воспоставување Централно координативно тело (единица) за утврдување инвалидност (CDCCU), кој се спроведува преку МТСП, ова прашање успешно да биде разрешено.

Препорака

Одговорните лица за раководење на Фондот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за:

- изнаоѓање на одржливо решение за пополнување на предвидените работни места во Комисијата за оцена на работната способност;
- координирање со Комисијата за ревизија за воспоставување електронска поврзаност на двете комисии односно интегрирање со електронскиот систем на Фондот и
- активно учество на Фондот преку свои претставници во проектот за воспоставување централно координативно тело за утврдување инвалидност.

[12] Член 131 од Законот за ПИО

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. По основ на завршени стечајни постапки, Фондот како доверител врз основа на пријавено побарување на име неплатени придонеси за ПИО, се стекнал со право да преземе односно да потпише записник за преземање на движен и недвижен имот од стечајниот должник. Од страна на одговорните лица од Одделението за стопанисување со имотот на Фондот во месец јануари 2019 година до Одделението за сметководство и плаќање е доставен табеларен преглед на имот по овој основ и тоа:

- недвижен имот (објекти за производство, апартмани, продавници и деловни објекти и други објекти) во вкупен износ од 82.190 илјади денари и
- движен имот (машини за шиење, резервни делови, разна опрема) преземен во 2016 и 2017 година по основ на Записници за примопредавање во вкупен износ од 37.035 илјади денари. Дел од опремата е преземена и е во владение на Фондот, а дел не, поради тоа што на Фондот му припаѓа идеален дел од опремата.

Со увид во деловните книги, ревизијата констатира дека не е воспоставена сметководствена евиденција на горенаведените капитални средства (градежни објекти и опрема) и не е извршен попис на истите.
Од друга страна, Фондот се соочува со проблеми за располагање со имотот стекнат од стечајни постапки поради големиот број на доверители кои остваруваат право на истиот имот во стечајните постапки и распределба на истиот по осигуреници на име платени придонеси за ПИО.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 2 и 4 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 6 и 12 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, што влијае врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните средства и изворите на капитални средства во Билансот на состојба. Во исто време влијае и на можноста за потврдување на стажот на осигурениците кои биле вработени кај обврзниците со завршени стечајни постапки.

Ревизијата истакнува дека Фондот во текот на 2018 година има преземено активности за продажба на дел од недвижниот имот добиен од распределбата на стечајната маса по основ на неплатени придонеси од стечајниот должник, преку доставено барање до Владата за донесување Одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот. Постапката е запрена во текот на месец јануари 2019 година, поради добиено мислење од МТСП, согласно кое се предлага работната група[13] да изготви табеларен преглед од целокупниот движен и недвижен имот добиен со распределба на имотот по затварање на стечајните постапки и да предложи решенија за постапување со добиениот имот. Иако работната група ги

[13] Со Решение бр.02-2422/1 од 21.05.2018 година на директорот на Фондот е формирана работна група со претставници од Фондот на ПИО, Фондот за здравствено осигурување, Министерството за финансии, Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи.

доставила бараните прегледи, од страна на Владата не е донесена одлука за постапување за целокупниот движен и недвижен имот стекнат по овој основ. Од друга страна, во текот на месец јануари 2019 година, Владата има донесено Одлука за давање согласност, со подавка преку нотар, да се понуди дел од деловен простор сопственост на Фондот добиен од стечајна постапка на другите сопственици на деловен простор.
Поради не склучување на купопродажниот договор во март 2022 година до нотарската канцеларија Фондот доставува барање за запирање на постапката за продажба.

**Препорака**
Одговорните лица за раководење во Фондот да преземат активности за:
- да се изврши попис и сметководствено евидентирање на постојните средства добиени по основ на затворени стечајни постапки и
- интензивирање на активностите за продажба на стекнатиот имот.

4.3.2. Со извршениот увид во деловните книги кои се однесуваат на побарувањата од граѓани по основ на надомест на штети за извршени претплати на пензии, ревизијата ги констатира следните состојби:
- по основ на штети за исплатени пензии на починати корисници, времени пензии, семејни пензии или друг вид на неосновани исплати на пензии, во сметководствената евиденција на Фондот искажани се побарувања од граѓани во вкупен износ од 223.753 илјади денари, од кои сомнителни и спорни побарувања во износ од 160.337 илјади денари што претставува намалување од 2,1% во однос на 2020 година кога вкупниот износ на побарувања по овој основ изнесувал 228.470 илјада денари, што претставува недоволен степен на наплата на овие побарувања и покрај континуираното креирање на предмети за штети од граѓани;
- искажани се побарувања по основ претплата на пензии во износ од 6.907 илјади денари, кои произлегуваат од 2012 година и се однесуваат на дозначени пензии до банките, за кои не е извршен поврат на средствата од трансакциските сметки на починати корисници. Фондот доставил писмени барања до банките во 2012 и 2013 година за поврат на средствата, но поради нивно непостапување, податоците ги доставил и до Управата за финансиска полиција. До денот на ревизијата, Фондот нема информации за преземени активности од страна на Управата и оваа состојба останува неразрешена подолг временски период.

Утврдените состојби не се во согласност со член 218 од Законот за ПИО, а континуираното креирање на предмети за штети од граѓани и нискиот процент на наплата на овие побарувања упатува на неизвесност за наплата на истите во наредниот период, со што е овозможена имотна корист на поединци за извршени неосновани исплати на пензии.

Препорака
Одговорните лица за раководење на Фондот да преземат активности и контролни мерки за:

- навремено откривање и постапување по утврдени неосновано исплатени пензии и континуирано преземање на сите потребни правни дејства за наплата на побарувањата по штети и
- да преземат активности во насока на утврдување на можноста за наплата на средствата кои се евидентирани во деловните банки по основ на претплата на пензии од минати години.

4.3.3. При увид во пописниот материјал, извештаите за извршениот попис на имотот на Фондот со состојба 31.12.2021 година и донесените акти по истиот ревизијата утврди дека комисијата за попис врз основа на добиената документација од Централниот регистар констатира дека 17 друштва кај кои Фондот поседува акции/удели стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во вкупен износ од 453.628 илјади денари, се избришани од трговскиот регистар и регистар на други правни лица, поради што предлага нивно бришење од сметководствената евиденција на Фондот. Управниот одбор на Фондот не донел одлука согласно член од 157 од Законот за ПИО за бришење од сметководствената евиденција на друштвата, и покрај тоа што од страна на Централниот регистар по службена должност е извршено бришење на истите согласно член 552 а и 552 б од Законот за трговските друштва.
Оваа состојба е констатирана и со извршената ревизија на Фондот за 2020 година.
Наведеното не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со што не е обезбедено реално и објективно прикажување на состојбата на хартиите од вредност во сопственост на Фондот прикажана во финансиските извештаи.
Со примените забелешки доставена е Одлука бр.02-803/1 од 08.02.2023 година донесена од страна на УО за бришење на акции/удели од друштва од сметководствената евиденција, стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал врз основа на добиени податоци од Централниот регистар.

4.3.4. Во вонбилансната евиденција на Фондот е евидентирано земјиште со вкупна набавна вредност од 243.904 илјади денари, која се однесува на градежно земјиште на домовите и клубовите во износ од 138.882 илјади денари и градежно земјиште на филијалите, деловниците и одморалиштата на Фондот во износ од 105.022 илјади денари. За евидентираното земјиште не е воспоставена материјална евиденција, додека во Извештајот од извршениот попис се дадени податоци за евидентираното земјиште по локации/општини, површина и поединечна вредност, поради што не може да се добие точен податок што е евидентирано во вонбилансната евиденција. Фондот располага со имотни листови согласно кои за некои е запишано право на сопственост или трајно користење, додека некои се сопственост на Република

Северна Македонија. Од Одделението за стопанисување со имот презентиран е преглед на извршени проценки во текот на 2018 година од овластен проценител, на земјиште во 52 катастарски парцели каде се лоцирани градежните објекти на Фондот. Проценетите вредности не се воведени во сметководствената евиденција на Фондот, поради тоа што сè уште не е утврден точниот износ на делот кој му припаѓа на Фондот согласно утврденото право во имотните листови.

Наведените не се во согласност со 2 став 1 член 8 став 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 7 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание врз реалноста и објективноста на прикажаните информации во Билансот на состојба.

Препорака

Одговорните лица за раководење на Фондот да преземат активности за меѓусебна координација на Одделението за стопанисување со имотот и Одделението за плаќање за утврдување на вредноста на земјиштето и воспоставување на:

- сметководствена евиденција за земјиштето кое е во сопственост или е пренесено право на користење на Фондот, врз основа на добиените пазарни вредности од извршената проценка, а
- вонбилансната евиденција на земјиштето да се води за земјиштето за кое не е запишано право на сопственост или користење од страна на Фондот.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

Фондот во текот на 2021 година согласно податоците кои ни беа дадени на увид има реализирано вкупно 47 постапки за јавни набавки со проценета вредност од 109.742 илјади денари за кои се склучени договори во вкупен износ од 121.262 илјади денари. Предмет на ревизија беа 14 набавки со вкупна вредност на склучени договори во висина од 81.753 илјади денари и реализација во предметната година во висина од 52.022 илјади денари или 63,3% од реализираната вредност на спроведените постапки во 2021 година. Притоа го утврдивме следното:

4.4.1. Со извршениот увид во постапката за набавка на компјутерска опрема за потребите на Фондот и тоа во дел 1 – персонални компјутери и лаптопи и дел 2 - принтери и скенери за кој е извршена исплата во висина од 2.213 илјади денари, ревизијата утврди слабости при спроведувањето на постапката и тоа:

- договорниот орган не постапил согласно член 95 став 8 од ЗЈН односно истиот, како начин за потврдување на техничката и професионалната способност предвидел понудувачите да доставаат овластување од производителот за продажба и одржување на понудената опрема. Наведениот критериум за докажување на техничката и професионалната способност не е еден од законски предвидените начини на докажување на истата и истиот ја ограничува конкуренцијата само на директните увозници на потребната опрема, а ги исклучува економските оператори (дилери) на техничка опрема од пониско ниво.

Притоа за дел 1 – персонални компјутери и лаптопи доставена била само една понуда, иако се работи за стока која е широко достапна на слободниот пазар. Фондот не може да потврди дека е извршена претходна проверка во однос на цените на пазарот односно не констатирал дека понудените цени за извршување на договорот за јавна набавка се понеповолни од реалните на пазарот и не извршил поништување на постапката согласно на член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН, иако поради непостоење на конкуренција не е извршено негативно наддавање и прифатена била понудата со цени понеповолни од реалните на пазарот;

- договорниот орган не поставил прашање до најповолниот понудувач за објаснување на цената во услови кога за делот 2 од предметната набавка понудените цени од овој економски оператор се пониски од 50% од наредно рангираниот понудувач односно во целост се исполнети условите предвидени согласно член 110 од ЗЈН.

Поради утврдените состојби Фондот не обезбедил конкуренција помеѓу економските оператори, а со тоа и реални и пазарни цени во насока на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства, што не е во согласност со член 4 и член 5 од ЗЈН.

Препорака

Одговорните лица во Фондот да преземат активности во насока на обезбедување на конкуренција при спроведување на постапките за јавни набавки.

4.4.2. Во текот на 2021 година спроведена е постапка за јавна набавка на услуга за мобилна телефонија и склучен е двегодишен договор врз основа на кој во 2021 година се исплатени средства во износ од 1.621 илјади денари. Со извршениот увид во досието на постапката, ревизијата констатира дека во техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација, покрај општите карактеристики на услугата дефинирани се и 4 тарифни модели со број на претплатнички линии по модел и за истите покрај специфичните барања за секој тарифен модел утврден е и највисок износ на претплата која Фондот е во можност да ја плати. Предмет на понуда во постапката била цената на минута разговор кон сите национални мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во утврдените тарифни модели, а не износот на месечната претплата по претплатничка линија. Понуда доставиле два економски оператор кои ги прифатиле тарифните модели со утврдени максимални износи кои Фондот ги планирал за реализација на постапката, а за предметот на понуда, економските оператори понудиле најниска можна цена од 0,01 денар при што избран е ЕО кој прв ја доставил понудата. Поради наведеното, договорот за набавка на услуга за мобилна телефонија за 2021 година се однесува и се реализира врз основа на цена која не била предмет на наддавањето од страна на избраниот економскиот оператор. Наведената состојба укажува на слабост во спроведување на конкретната постапка за јавна набавка што влијае врз економичното искористување на средствата при доделувањето на договорот за јавна набавка, што не е во согласност со член 4 од ЗЈН.

Препорака

Одговорните лица да преземат активности при спроведувањето на постапките за јавни набавки предметот на понудата да ги опфаќа сите услуги кои се предмет на набавката.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.2, 4.3 и 4.4 кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- нецелосна координираност и усогласеност во работењето на ниво на Фондот во делот на остварување на правата од ПИО;
- нераспределени средства на сметка за наплата на придонес за ПИО кои не може да се користат, а осигурениците немаат можност да ги остварат правата од ПИО;
- континуирано креирање на предмети за штети од граѓани, забавени активности за поврат на повеќе исплатените пензии и низок процент на наплата на истите;
- невоспоставена сметководствена евиденција на градежни објекти и опрема стекнати по основ на преземање од стечаен должник и
- слабости при спроведувањето на дел од постапките за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3 финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на ден 31 декември 2021 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Фондот е основач на Друштво за угостителство, одмор и рекреација на пензионери Борец во Битола со учество од 99,91% во основниот влог во износ од 80.752 илјади денари. Во периодот од 2010 до 2018 година Фондот исплатил позајмица на друштвото во износ од 19.850 илјади денари и заклучно со денот на ревизијата истата не е вратена.

Во минатото Фондот преземал активности за продажба на целиот објект и капацитети на хотел Борец, при што продаден е само деловниот простор, но не и

сместувачкиот и комерцијалниот дел. Во насока на укажување за тешката финансиска состојба во која се наоѓа друштвото, Фондот во континуитет доставува информации до Владата и МТСП.

Согласно доставената последна Информација за состојбата со функционирањето на друштвото[14] доставена до Владата, друштвото работи со загуба и е со блокирана сметка поради неисплатени плати, а има и неизмирени обврски за потрошена електрична енергија, како резултат на големиот капацитет, а мал број на згрижени пензионери поради лошите услови за сместување. Поради наведените состојби Владата со заклучок[15] го задолжува Фондот да отпочне постапка за продажба на објектот, а Бирото за судски вештачења се задолжува да изработи проценка на пазарната вредност на објектот, која е изработена во месец ноември 2021 година.

Во текот на 2022 година се објавени 2 објави[16] за продажба на објектот по пат на електронско јавно надавање, при што не е поднесена ниту една пријава за учество на јавното надавање.

Ревизијата препорачува Фондот да продолжи со активностите за продажба на објектот, со цел конечно решавање на статусот на друштвото и наплата на исплатената позајмицата.

6.2. Со извршениот увид и анализа на податоците за реализација на Буџетот искажан во деловните книги и финансиски извештаи на Фондот констатиравме одредени состојби за кои сметаме дека е потребно да известиме. Имено:

– во Буџетот на Фондот не е предвидена ставка за исплатите кои се вршат од солидарниот фонд за починати пензионери, со оглед на тоа што средствата од истиот не се буџетски средства, туку истите се прибираат по основ на задршки од пензиите во висина од 150 денари и претставуваат средства на пензионерите. По поднесување барање и исполнетост на условите, средствата се дозначуваат на посебна сметка и од истата се врши исплата на посмртна помош по лице во висина од 30 илјади денари. Во 2020 година по овој основ од сметката за солидарен фонд исплатени се 460.080 илјади денари за што во деловните книги на Фондот на ставката Социјални бенефиции е евидентиран расход за солидарен фонд. Согласно добиените информации од Фондот во текот на 2021 година извршени се исплати во вкупен износ од 504.330 илјади денари за семејствата на починати 16.812 корисници на пензија, а останале неисплатени уште 4.631 барање во вкупен износ од 138.933 илјади денари како резултат на зголемен број во време на пандемијата на КОВИД 19 при што е регистрирано просечно доцнење од 3 месеци од поднесување на барањето до исплатата.

  Во текот на 2022 година сервисирањето на обврските поврзани со солидарниот фонд е подобрена поради намалување на бројот на барањата за исплата.

[14] бр.02-2465/1 од 18.05.2021 година
[15] Извадок бр.40-5659/1 од 01.06.2021 година од Нацрт-записникот на Седумдесет и петтата седница на Владата одржана на 01.06.2021 година
[16] Прва објава за продажба на деловен простор – објект Хотел Борец Битола бр.02-1034/1 од 15.03.2022 година и Втора објава за продажба на деловен простор – објект Хотел Борец Битола бр.02-3551/1 од 08.08.2022 година

Потребно е Фондот да го преиспита постојниот начин на евидентирање и искажување на трансакциите и состојбата на средствата од солидарниот фонд во финансиските извештаи на Фондот, имајќи предвид дека тие средства припаѓаат на пензионерите, односно не се буџетски средства.

– на ставката Други обврски евидентирани се пренесени обврски за оштетни побарувања од минати години кон фондови за пензиско осигурување во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска (како држави договорнички од поранешна СФРЈ), кои произлегуваат по склучени и ратификувани договори за социјално осигурување помеѓу Република Северна Македонија и државите. Обврските се настанати во врска со примена на одредбите од склучените договори со кои се уредува побарување за повеќе исплатени износи на давања и потребата од повторно одредување на давања. Имено, пензиите остварени по периодот наведен во договорите (8 октомври 1991 година/1 јануари 1992 година) до денот на влегување во сила на склучените Договори и кои се пресметани со пензискиот стаж навршен во друга држава договорничка, по службена должност повторно треба да се утврдат и пресметаат по одредбите од овие договори. По основ на одредбите од склучените договори Фондот во известувачкиот период има евидентирано обврски во вкупен износ од 88.817 илјади денари, но и побарувања од фондовите на републиките[17] во износ од 108.391 илјади денари. Фондот води евиденција на обврските и побарувањата по корисници на пензија кои произлегуваат од примена на одредбите од склучените договори од кои дел од нив потекнуваат од 2004 година па наваму.
Кон крајот на 2017 година остварена е средба помеѓу делегации на РМ и Република Србија за примена на договорот за социјално осигурување и потпишан е Договор за пребивање (компензација) на меѓусебно усогласените обврски и побарувања произлезени со примена на членот 36 и 41 од Договорот за социјално осигурување[18], но истиот не е реализиран.

Потребно е Фондот во соработка со фондовите за ПИО на државите договорнички кон кои се евидентирани обврски/побарувања произлезени од примена на одредбите на склучените договори за социјално осигурување, да преземат активности за усогласување на корисниците на пензија и меѓусебно пребивање на обврските и побарувањата.

6.3. Обрнуваме внимание дека Фондот има отпочнати судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи.

Според информациите добиени од Одделението за правни работи состојбата е следна:

– во тек се вкупно 19 предмети во кои Фондот е тужител, при што побарувањата по основ на штети изнесуваат 6.130 илјади денари при што најголем дел од овие

---

[17] Србија (Белград и Нови Сад), Црна Гора, Хрватска и Босна и Херцеговина.
[18] Закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување (Сл.весник бр.13/2002)

тужбени барања се однесуваат на побарувања од физички лица по основ на неоснована исплата на пензиски примања;

- против Фондот пред надлежните судови поведени се 65 постапки од страна на доверители и вработени, во кои Фондот е тужена страна, по разни основи за побарувања во вкупен износ од 19.239 илјади денари. Најголем дел од овие тужбени барања се однесуваат на побарувања за надомест на штета и по основ на задоцнета или неисплатена пензија, погрешно утврден стаж како и неисплатен регрес за годишен одмор;

6.4. Утврдивме дека е воспоставена пракса дел од извршителите кои извршуваат дејност во Република Северна Македонија да извршуваат налози за извршување, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија, а при тоа паричните средства директно се повлекувани од сметката на Фондот. Во деловните книги по овој основ во 2021 година евидентирани се исплати кон 8 извршители во износ од 1.245 илјади денари и истиот бележи стагнација во однос на 2020 година кога се евидентирани повлекувања во висина од 1.342 илјади денари. Во однос на минатите години неосновано наплатениот износ од сметката на Фондот континуирано се намалува, односно овој износ во 2019 година изнесувал 5.882 илјади денари, а во претходната 2018 година 13.174 илјади денари. По извршена анализа, Фондот констатира дека одредени извршители, откако биле известени од стручната служба на Фондот, дека не се во состојба да го реализираат налогот за извршување од повеќе причини (починат корисник на пензија, корисник со најнизок износ на пензија, корисник за кој веќе се задржува 1/3 од пензијата по друг налог за извршување) пристапиле кон извршување директно од сметката на Фондот.

Дополнително на ова Фондот врши активности по добиени решенија за извршување поврзани со запирања на средства при исплатата на пензиите кон корисниците за кои се добиени вакви налози за извршување. Во врска со ова прашање согласно на добиена информација од Фондот во 2021 година месечно се регистрирани од 2500 до 3000 трансакции од пензии на должници кон сметки на извршителите, а на годишно ниво оваа бројка достигнува околу 30.000 трансакции. Притоа бројката на вработени лица во Фондот кои се ангажирани на ова прашање во зависност од обемот на работа достигнува и 8-9 лица, а за вршењето на оваа услуга Фондот не добива никаков надоместок од страна на извршителите. Извршивме и анализа на Законот за извршување при што утврдивме дека согласно овој закон како и Законот за ПИО, Фондот не е работодавач на корисниците на пензии поради што не е должник по доставените налози за извршување, ниту пак постои законски основ да врши услуги поврзани со запирање на средства од корисниците на пензии согласно на член 141 од Законот за извршување. Единствената обврска за постапување Фондот има согласно на член 41 од Законот за извршување кој предвидува обврска за обезбедување на податок за конкретен должник од евиденцијата на органите на државната управа и член 117 од Законот за извршување, каде се уредени ограничувањата за извршување. Средствата кои се наплатуваат од страна на извршителите од сметката на Фондот не можат да се повратат а на Фондот му е нанесена финансиска штета и целосна ангажираност на вработените во Фондот на

работни задачи поврзани со реализација на налози за извршување. Поради наведеното Фондот во соработка со надлежното министерство и претставник на извршителите да преземат активност за надминување на начинот на наплата при што извршителите да извршуваат налози за извршување директно од должниците, корисници на пензија.
На барање на Фондот, Владата на 28.09.2022 година го задолжила Министерството за правда да формира работна група со претставници од МТСП, МФ, Фондот и Комората на извршители која треба да изготви предлог решение за наминување на овој проблем.

6.5. Согласно Законот за ПИО, почнувајќи од 2004 година, во услови кога е утврдено постоење на општа или професионална неспособност за работа со право на пензија, предвидена е обврска корисникот на инвалидска или семејна пензија по основ на инвалидност да се јави на задолжителен контролен преглед со кој се потврдува оствареното правото. До донесување на решение по задолжителен контролен преглед, кој се врши во рок од една, а најдоцна до две години, на корисникот му се исплаќа времена пензија.
Со Законот за ПИО[19] е обезбедена двостепеност во решавања на правата од ПИО во управна постапка, а согласно Законот за општа управна постапка против решението се изјавува жалба. Согласно ова законско решение жалбата не го одлага извршувањето на решението освен ако со жалбата се оцената за утврдувањето на инвалидноста. Од тоа произлегува дека решенијата со кои се остварува право од ПИО по основ на инвалидност, не се конечни со поднесувањето на жалбата.
Со воведувањето на задолжителен контролен преглед со кој може да се смени правото и исплатата на времена инвалидска пензија, оваа законска одредба предизвикала потешкотии во практичната имплементација. Имено, сѐ до конечност на решението на корисникот му се врши исплата на пензија. Во случај кога со конечност на решението ќе се потврди дека кај лицето не постои инвалидност, се изготвуваат пресметки на штети настанати поради неосновани исплати.
Согласно податоците од Фондот, во 2020 за 11 предмети се водат спорови во вкупен оспорен износ од 3.969 илјади денари, додека во 2021 година евидентирани се 16 предмети со вкупно побарување во висина од 2.552 илјади денари од кои наплатени се 453 илјади денари, што упатува на можност за одлив на средства од буџетот на Фондот.
Од друга страна, со законските решенија не е уредено мирување на работен однос во услови кога е доделена времена инвалидска пензија, поради што осигурениците на кои им се укинува времената пензија, остануваат незаштитени во делот на правата и обврските од работен однос.
Ваквите околности значајно ја отежнуваат наплатата на побарувањата по овој основ, особено поради недоволните механизми за присилна наплата со кои располага Фондот и несоодветни законски решенија за обезбедување на исплатените времени пензии.

[19] Член 134 став 2 од Законот за ПИО

За надминување на овие состојби, Фондот во повеќе наврати поднел иницијативи за измени во Законот за ПИО во насока на укинување на одредбата од Законот за ПИО[20], со која е уредено исплаќање на времена инвалидска, до донесување на решение по извршен задолжителен контролен преглед, но до денот на ревизијата измените не се направени. Укажуваме на потребата, Органите на управување и раководење на Фондот во соработка со надлежното министерство да продолжат со активностите за измена на законските одредби за уредување на правото на времена пензија.

6.6. Во 2021 година Фондот остварува приходи во вкупен износ од 11.469 илјади денари по основ на издавање под закуп на деловни простории кои се наоѓаат во пензионерските домови, со кои располага и стопанисува Фондот. Начинот и постапката на издавање Фондот ја врши согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија и Правилник за начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот.
Врз основа на извршениот увид во склучените договори за издавање под закуп ревизијата утврди дека за повеќето, односно за 28 деловни простории договорите истекле во текот на 2021 година, но притоа не била спроведена нова постапка за издавање под закуп или продолжување на постоечките договори. Деловните простории продолжиле да се користат од страна на истите закупци и Фондот им фактурира на месечна основа, повикувајќи се на одредбите од Законот за облигациони односи за продолжување на договорите. Ваквата состојба не е во согласност со член 4 од склучените договори и член 9 од Правилникот каде што е уредено дека договорот може да се продолжи или да се склучи нов договор за уште 2 години со истиот закупец доколку редовно ги исполнува обврските од договорот, но по претходна изработка на процена на пазарната вредност на недвижен имот не постара од една година.
По извршен увид во начинот на фактурирање на закупот ревизијата утврди дека кај дел од фактурите не се фактурирани трошоците од употребата на просторот (режиските трошоци) што не е во согласност со член 6 од договорите за закуп на деловен простор. По укажување на одговорните лица на Фондот ваквата состојба се должи на тоа што закупците инсталирале свои струјомери и пристапиле кон склучување на поединечни договори за испорачување на топлинска енергија, поради што не е пристапено кон склучување на анекси на основните договори за делот на режиски трошоци.
Фондот во 2021 година до Генералниот секретар на Владата доставил Информација за состојбата на деловниот простор со кој располага и стопанисува[21] со која предлага Владата да дозволи да отпочне постапка за нивно отуѓување, бидејќи деловните простории се од несуштинско значење за обавување на дејноста на Фондот, а закупнината која се добива со нивно издавање незначителна.

[20] Член 130 став 6 од Закон за ПИО
[21] Информација за состојбата на деловниот простор со кој располага и стопанисува бр.02-2472/1 од 18.05.2021 г.

По наведената информација Владата донела заклучок[22] Фондот да поднесе барање за проценка на деловните простории до Бирото за судски вештачења, а потоа да достави предлог одлука за продажба на истите без да се земе во предвид член 12 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост како одредба има можност да се дадат на користење на друг државен орган или правни лица основани од државата. Фондот поднел барање за проценка до Бирото за судски вештачења и во текот на 2022 година истата е завршена.
Во септември 2022 година објавен е оглас за издавање на деловен простор под закуп по пат на електронско јавно наддавање согласно Правилникот начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот усвоен од УО и изготвен е Записник од аукција на 30.09.2022 година од седница на Комисијата за издавање деловен простор. Врз основа на ова склучени се договори за закуп на деловен простор, чија реализација ќе биде предмет на проверка со следната ревизија.

6.7. Фондот се соочува со недостиг на човечки ресурси, поради што во континуитет доставува барања до надлежното министерство за обезбедување согласности за вработување на одреден број на вработени на неопределено време. Согласно на добиената документација во текот на 2021 година и покрај планот за вработување на 72 лица доставен до надлежните министерства склучени се само 7 договори за вработување на неопределено време. Во текот на 2022 година по обезбедени согласности од Министерството за финансии извршено е вработување на 35 лица, и во тек е постапката за вработување на 22 лица, но во истиот период поради остварување правото на пензионирање бројот на вработени се намалил за 72 лица.
По извршената споредбена анализа на систематизирани и пополнети работни места ревизијата констатира дека во текот на 2022 година од вкупно 967 систематизираните работни места пополнети се 536 работни места, што претставува 55% од систематизираните на работни места. Недостигот на лица, кои во подолг период се зголемувал поради пензионирање и одлив на работници, Фондот го надминува преку ангажирање на лица по договори за извршување на самостојна работа на одговорни и специфични работни места (матична евиденција, решавање, исплата и други). Овие лица се ангажираат без спроведена постапка за исполнетост на условите и квалификациите предвидени за редовно вработените. Имено, по претходно добиена согласност од Министерството за финансии, во текот на 2021 година за извршување на тековни работни задачи утврдени во актот за систематизација но Фондот ангажирани се вкупно 207 лица со кои се склучени договори за извршување на самостојна работа, што претставува зголемување во однос на 2020 година кога на овој начин биле ангажирани вкупно 73 лица.
Согласно добиена информација од Фондот во текот на месец декември 2022 година, формирана е работна група за изготвување на Функционална анализа на Фондот со која треба да биде опфатен и систематизираниот број на работни места и нивната пополнетост.

[22] Извадок од Нацрт-записникот од Седумдесет и седмата седница на Владата одржана на 8 јуни 2021 година, архивиран во Фондот под бр.02-3038/1 од 15.06.2021 г.

Ревизијата укажува на тоа дека е потребно:

- тековно од страна на надлежните министерства да се обезбедуваат согласности за вработување на потребните кадри за пополнување на испразнетите работни места;
- координирани активности на Фондот и МТСП преку функционална анализа да се изврши преоцена на потребните капацитети во делот на организационата поставеност и бројот на извршителите кои се неопходни за ефикасно извршување на надлежностите на Фондот.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно Законот за ПИО, средствата потребни за остварување на правата од ПИО се обезбедуваат со приходи од наплата на придонесот за ПИО, дел од износот на платената акциза за енергенти, трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија, дивиденди на акции и добивка од удели, имотот на Фондот и други приходи.

Вкупните остварени приходи на Фондот во 2021 година изнесуваат 81.508.271[23] илјади денари, а нивната структура без учество на пренесените средства од минати години е дадена во:

**Графиконот бр.1 - Структура на приходи на Фондот.**

во 000 ден.




Изворните приходи т.е. приходите од наплатен придонес за ПИО во 2021 година се зголемени за 6,38% во однос на претходната 2020 година и изнесуваат 49.289.354 илјади денари, што претставува учество од 60.47% од вкупно остварените приходи.

[23] Вкупните приходи искажани во финансиските извештаи на Фондот за 2021 година изнесуваат 86.432.482 илјади денари и во истите е содржан пренесениот вишок на приходи од претходната година во износ од 4.924.211 илјади денари

Оствареното зголемување на приходите во 2021 година и понатаму не е доволно за покривање на расходите за социјални бенефиции кои исто така бележат раст од година во година. Имено, расходите за социјални бенефиции (исплата на пензиските примања заедно со придонесот за здравствено осигурување на пензионерите, трансферите до вториот пензиски столб и инвалиднината) во 2021 година изнесуваат 79.677.493 илјади денари за вкупно 328.570 корисници на пензиски примања односно заклучно со декември 2021 година исплатите се за 3,8% повисоки во однос на 2020 година.

Фондот и покрај зголемување на приходите по основ на придонеси од ПИО има недостаток (дефицит) на средства за исплата на расходите за социјални бенефиции, поради што во 2021 година се трансферирани средства од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 30.580.301 илјади денари, и тоа преку:

- Министерството за труд и социјална политика во вкупен износ од 30.066.000 илјади денари од кои 17.766.000 илјади денари за покривање на дефицитот на Фондот за исплата на пензии и 12.300.000 илјади денари за покривање на законските обврски по основ на ПИО и
- Министерството за одбрана, во износ од 514.301 илјади денари.

Трендот на движење на учеството на трансферираните средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи во период 2011-2021 година е прикажан во:

**Графиконот бр.2 - Учество на трансферирани средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи.**

во 000 денари




Процентот на средствата кои се одвојуваат од Централниот Буџет до Фондот на име трансфери до 2017 година континуирано се зголемуваат по што следните две години (2017-2019) учеството на овие средства во вкупните приходи бележи намалување. Во

текот на 2021 година учеството на трансферираните средства од Централниот Буџет до Фондот учествува со 37,5% односно за последните три години се забележува тенденција на стагнација, односно намалување во однос на 2020 година.

Во точка 4.2.2.4. од Конечниот извештај по извршената ревизија на усогласеност на Основен буџет на РСМ за 2021 година се прикажани трансферите од Основен буџет за покривање на тековниот дефицит на Фондот за исплата на пензии во 2021 година кој изнесуваат 29%.

## 7.2. Влијанија на тековните инфлаторни тенденции врз финансиската состојба на Фондот

Имајќи ги предвид постојните законски решенија кои не предвидуваат активно учество на Фондот во креирање на политиките во пензискиот систем, Фондот не може значајно да влијае на зголемувањето на изворните приходи, чија што висина пред сè зависи од стапката на вработеност, законските решенија за ослободување и повластено плаќање придонес, како и од сè понеповолните демографски движења кои во изминатиот период беа потврдени и со спроведениот Попис на населението. Дополнително на ова, Фондот има законската обврска да врши годишно усогласување на висината на пензиските примања со индексот на трошоци на животот и порастот на платите кое во текот на 2022 година и беше реализирано во висина од 2,9% на почетокот на 2022 година и 6,8% во септември 2022 година односно вкупно 9,7% за цела 2022 година. Оваа обврска на Фондот во наредниот период ќе предизвика зголемување на износот кој Фондот ќе треба годишно да го исплати кон корисниците на пензиски примања, со оглед на тоа што светската економија е зафатена од засилени инфлаторни движења, предизвикани од тековната војна во Украина, енергетската криза која предизвика големо зголемување на цената на енергијата, последиците од пандемијата на Ковид 19 и влијанијата на пакетите за стимулирање на економијата во високоразвиените земји, како и внатрешни фактори кои доведуваат до пораст на цените. Имајќи во предвид дека согласно на објавените податоци од Државниот завод за статистика, порастот на цените на мало за месец октомври 2022 година во однос на 2021 година е повисок за 15,4%[24], Народна банка на Република Северна Македонија за третиот квартал на 2022 година инфлацијата ја има проценето во висина од 12,4%[25], додека индексот на порастот на платите за месец август 2022 во однос на месец август 2021 година изнесува 111,3[26] извесно е дека индексот на трошоците за живот и понатаму ќе расте во наредниот период и Фондот ќе има обврска да изврши зголемување на висината на пензиите во значителен процент, независно што согласно достапните проекции се очекува забавување на порастот на инфлацијата во наредниот период како на светско така и на домашно ниво. Неизвесноста во врска со факторите како што се текот на војната во Украина и развојот на енергетската криза имаат потенцијал да доведат до значителни нарушувања во економските текови во нашата земја и намалување

[24] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=39
[25] https://www.nbrm.mk/osnovni_ekonomski_pokazateli.nspx
[26] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40

на бројот на вработени што ќе доведе и до намалување на очекуваните приходи на Фондот поради што е потребно е да се преземат активности за актуарски анализи за стабилизација на пензискиот систем.

### 7.3. Влијание на демографските движења врз финансиското работење на Фондот

Истовремено значаен долгорочен фактор во врска со висината на дефицитот на Фондот се и демографските движења. Според проекции изработени од Секторот за финансиски прашања на Фондот, базирани на постоечката законска регулатива и демографски проекции, долгорочно гледано финансиското работење на Фондот ќе биде под притисок од неповолните демографски движења. Имено согласно овие проекции процентот на младо население на возраст до 14 години ќе се намали од 16,8% во 2015 на 16% во 2030 година, а работоспособно население на возраст од 15 до 64 години ќе се намали од 70,6% во 2015 година на 65,9% во 2030 година. За разлика од овие две групи на население, процентот на население повозрасно од 65 години од 12,5% во 2015 година ќе се зголеми на 18,2% во 2030 година што зборува за забрзано стареење на населението во нашата земја. Имајќи предвид дека најголем дел од овие лица ќе остварат право на пензиски примања односно вкупниот број на пензионери се очекува да забележи пораст на околу 390 илјади лица во 2030 година, за успешно сервисирање на овие обврски на Фондот ќе биде потребно зголемување на изворите на приходи кои ги остварува Фондот. Во врска со ова се поставува прашањето околу можноста за зголемување на приходите на Фондот од уплатите за социјални придонеси од страна на обврзниците со оглед на тоа што согласно проекциите се очекува намалување на вкупниот број на осигуреници од 577 илјади обврзници во 2019 година на околу 556 илјади обврзници во 2030 година, а соодносот пензионери/обврзници ќе се намали од 1:1,8 на околу 1:1,42 во 2030 година. Изедначување на овој показател на ниво 1:1 се очекува околу средината на овој век односно помеѓу 2050-2060 година. Заклучно со 2021 година бројот на обврзниците изнесува 572.303 лица додека бројот на пензионери изнесува 328.570 лица односно соодносот пензионери обврзници на крајот од 2021 година изнесува 1:1,74 и истиот бележи намалување во однос на 2020 година кога изнесувал 1:1,8.

Како резултат на наведеното, се очекува и подолгорочно гледано, финансиското работење на Фондот да продолжи да биде оптоварено со тековниот проблем на висок дефицит кој се покрива со трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија.

Од страна на Фондот поради неразвиената единица за актуарство не е извршено ажурирање на очекуваните долгорочни движења имајќи ги во предвид резултатите од пописот на населението спроведен во 2021 години чии резултати поврзани со демографските движења веќе се познати и достапни, а со цел да се обезбедат поточни проекции за идните демографски движења и нивното влијание врз пензискиот систем.

За надминување на наведеното потребно е Фондот и надлежните министерства да преземат активности за развој на актуарски и пензиски предвидувачки капацитети, како и сеопфатни и координирани активности за носење на законски решенија во

насока на намалување на учеството на трансферите од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи на Фондот, како и утврдување на придонесот од ПИО и целосна наплата на истиот.

7.4. Врз основа на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши УЈП. Согласно членовите 21 и 23 од овој Закон, УЈП и институциите за задолжително социјално осигурување имаат обврска за размена на податоци за: обврзниците за плаќање на придонесите, пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси, како и други службени податоци поврзани со придонесите и персоналниот данок на доход.
За исполнување на оваа законска обврска, УЈП, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување имаат склучено меѓусебен Договор за евидентирање и следење на побарувањата, во кој не е утврдена обврска УЈП да ги достави законски предвидените информации до институциите, поради што податоците кои УЈП ги доставува се однесуваат само за висината на неуплатениот придонес од обврзниците кои доставиле пресметка и имаат обврска да го уплатат, но не и за пресметана обврска за уплата на сите обврзници.
Со истиот Закон не е предвидена обврска за начинот на генерирање на потребните податоци и информации за побарувањата од обврзниците кои имаат обврска за пресметка и уплата на придонеси за социјално осигурување а не доставиле месечна пресметка за интегрирана наплата на придонеси и персонален данок, односно не извршиле пријавување на висината на износот кој имаат обврска да го уплатат на соодветни уплатни сметки на носителот на платен промет. Во недостиг на податок за висината на непријавените побарувања, евидентирано е задолжување со употреба на минималната основица за пресметка на придонесите, а висината на потенцијалните побарувања се повисоки од податокот добиен од УЈП.
Притоа на позицијата Побарувања по основ на неуплатен придонес на 31.12.2021 година е евидентиран износ во висина од 4.945.481 илјади денари. Побарувањата по овој основ од 2016 година до 2021 година имаат тренд на зголемување и во 2021 година се зголемени за 38,9% односно за 1.384.466 илјади денари во апсолутен износ. Движењето на побарувањата по основ на ненаплатени придонеси за период од 2009 до 2021 година е прикажано во **Графиконот бр.3.**

во 000 денари




Со оглед на континуираното зголемување на ненаплатените побарувања за придонеси за пензиско осигурување, укажуваме на потребата од интензивирање на активностите во врска со нивната наплата од страна на УЈП која ја има надлежноста за вршење на наплатата за овој период.

Од друга страна неизвесна е надлежноста на Фондот за постапување која е предвидена со Законот за ПИО во врска со наплатата на побарувањата за неплатен придонес за пензиско осигурување за периодот заклучно со 2008 година односно пред воведувањето на интегрираната наплата на придонесите. Со донесување на законската одредба во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, придонесите имаат третман на јавна давачка чија застареност, согласно Законот за даночна постапка, настапува во рок од 10 години. Ова практично значи дека, побарувањата по основ на неплатен придонес кои настанале до крајот на 2008 година веќе имаат апсолутна застареност. Фондот има покренато иницијатива за измена и дополнување на наведениот закон во насока на промена на третманот на придонесите и истите да имаат карактер на средства за лична потрошувачка, а нивната наплата да не застарува, но по истото не е постапено.

Врз основа на презентираната документација од Фондот извршивме анализа на движењето и на овие побарувања за периодот од 2016 – 2021 година кое е прикажано на **Графиконот бр.4.**

во 000 денари




Движењето на побарувањата кои настанале до 2008 година бележи тренд на намалување кое не е резултат на реализирана наплата на побарувањата. Имено овие побарувања се однесуваат во најголем дел на правни субјекти кои според евиденцијата која ја има Фондот се ликвидирани, во стечај, немаат сметка или истата им е блокирана. Како резултат на ова Фондот во континуитет врши бришење на побарувањата на овие фирми за кои од страна на надлежниот државен орган добил известување дека се ликвидирани и/или избришани од евиденцијата поради што висината на побарувањата бележи намалување кое за периодот од 2016 до 2021 изнесува 3.838.459 илјади денари и може да се очекува дека во иднина голем дел од преостанатите побарувања направени до 2008 година исто така ќе бидат избришани поради ненапламивост. Од друга страна истото влијае и на утврдувањето на пензискиот стаж на осигурениците за кои нема платен придонес.

7.5. Согласно член 187 од Законот за ПИО, средствата потребни за остварување на правата од ПИО, Фондот меѓу другото ги обезбедува и од дел од износот на платената акциза на минерални масла наведени во членот 92 од Законот за акцизите. Со Одлука на влада[27] се утврдува Министерството за финансии да уплаќа на сметката на Фондот дел од износот на платената акциза во висина од 9,18%. По овој основ, на сметката Домашни даноци на стоки и услуги во 2021 година евидентиран е прилив во износ од 1.462.145 илјади денари.

[27] Одлука за утврдување и уплатување на дел од износот на платената акциза на енергенти (Сл.весник бр.278/2019).

Фондот не располага со податоци за вкупно наплатените средства од акциза по овој основ од страна на Министерството за финансии, со што не може да ја потврди точноста и целосноста на наплатените приходи. Оваа состојба не е во согласност од член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде што се уредува дека внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова врз веродостојни и уредни сметководствени документи и истото влијае врз можноста за користење и располагање со средствата.

Потребно е одговорното лице во Фондот во соработка со одговорното лице во Министерството за финансии да преземат активности за воспоставување на комуникација со цел обезбедување на информации за вкупно наплатените средства од акцизи по наведениот основ и во иднина повлекувањето на средства од сметката на Фондот да се заснова врз основа на веродостоен документ – налог на Фондот.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 50.751.499 | 47.667.744 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 151.966 | 142.844 |
| Капитални приходи | 3.3. | 11.667 | 10.695 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 35.504.512 | 34.307.142 |
| Продажба на хартии од вредност | 3.5. | 12.838 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **86.432.482** | **82.128.425** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.6.1. | 261.759 | 257.517 |
| Стоки и услуги | 3.6.2. | 167.902 | 127.773 |
| Субвенции и трансфери | 3.6.3. | 5.314 | 3.610 |
| Социјални бенефиции | 3.6.4. | 79.677.493 | 76.795.935 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **80.112.468** | **77.184.835** |
| **Капитални расходи** | 3.7. | **34.598** | **28.380** |
| **Вкупно расходи** | | **80.147.066** | **77.213.215** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **6.285.416** | **4.915.210** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 6.285.416 | 4.924.211 |
| Побарувања | 4.1.2. | 12.141.279 | 11.562.627 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.3. | 86 | 86 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.4. | 19.850 | 19.850 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.5. | 162 | 163 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 6.962.912 | 6.976.182 |
| Залихи | 4.1.7. | 3.729 | 3.310 |
| **Вкупно тековни средства** | | **25.413.434** | **23.486.429** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 1.248.172 | 667.385 |
| Природни богатства | 4.2.2. | 46.890 | 46.890 |
| Други капитални вложувања | 4.2.3. | 368 | 350 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4. | 5.123.622 | 5.128.726 |
| **Вкупно капитални средства** | | **6.419.052** | **5.843.351** |
| **Вкупна актива** | | **31.832.486** | **29.329.780** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | 4.3. | **392.377** | **575.106** |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 2.214 | 8.910 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.4.2. | 89.826 | 80.747 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.4.3. | 278 | 19 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.4.4. | 6.849.762 | 6.869.447 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.5. | 21.116 | 20.891 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.4.6. | 162 | 163 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.7. | 18.446.347 | 16.502.943 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **25.409.705** | **23.483.120** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 6.422.781 | 5.846.660 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **6.422.781** | **5.846.660** |
| **Вкупна пасива** | | **31.832.486** | **29.329.780** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | 4.6. | **392.377** | **575.106** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 714.624 | 5.132.036 | 5.846.660 |
| Зголемување по основ на: | 622.294 | 5.540 | 627.834 |
| Набавки | 30.842 | 10.621 | 41.463 |
| усогласување на вредноста со проценката (ПД и подрачни служби) | 27.286 | | 27.286 |
| пренос од вонбилансна евиденција (пензионерски домови и клубови) | 438.721 | | 438.721 |
| пренос во вонбилансна евиденција (одморалишта и подрачни служби) | (33.676) | | (33.676) |
| Курсни разлики за проемна на капиталот | | (5.104) | (5.104) |
| Разлика во цени - бифе | | 23 | 23 |
| Вишок во библиотека по попис | 18 | | 18 |
| Ревалоризација | 159.103 | | 159.103 |
| Намалување по основ на: | 41.489 | 10.225 | 51.714 |
| Издадени материјали од магацин | - | 10.225 | 10.225 |
| Отпис на објект по пресуда | 14.871 | | 14.871 |
| Расход по попис | 554 | | 554 |
| Амортизација | 26.064 | | 26.064 |
| Отпис на материјали по одука на УО | | | |
| Состојба 31.12.2021 година | 1.295.429 | 5.127.351 | 6.422.780 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 15.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 22-62/6 | | |

ДО
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
Палата Емануел Чучков
Ул. Павел Шатев бр.2, 1000 Скопје

За ПГДР Г-ѓа Добринка Весковска

**ВРСКА: Ваш број 22-62/2 од 16.01.2023 година**

**ПРЕДМЕТ: Известување**/Доставување Забелешки

Почитувани,

Во врска со точките **4.1** – Внатрешни контроли-**Остварување на права од ПИО, 4.2 – Усогласеност со закони и прописи и 4.3–Финансиски извештаи, односно нивните поддточки барам** состојбите и износите настанати како резултат на работењето во 2021 година да се издвојат од минатите години, односно **да се наведат кои состојби и износи се настанати во 2021 година**. Или пак да се нагласи дека износите и состојбите наведени во нацрт извештајот не се од 2021 година, туку дека се состојби и износи кумулативни од минати години station наназад. Ова од причина што извештајот е за 2021 година, а ако не се појасни може да остави впечаток дека тие износи и состојби се настанати во 2021 година. Воедно во 2021 година беа отпочнати ( а некои завршени) активности, мерки и проекти за надминување и решавање на стари состојби и проблеми, како самостојна институција, во соработка со други институции, како и проекти водени од Светска банка.

Од тие причини барам кај дадените мислења на **страна 1** алинеа 2 “ мислење со резерва “ како **и на страна 22** точка 5 алинеа 1 за точка 4.3 и алинеа 2 за точка 4.2 **да се нагласи дека е поради износи и состојби настанати од минати години, а не настанати во 2021** (иако за повеќето се превземени и завршени мерки, проекти, активности и анализи, а за некои беа отпочнати и во тек).

Воедно за финансиската состојба на буџетот на ФПИОСМ заклучно со 31.12.2021 година, сакам да нагласам дека **на 31.12.2021 година Фондот ја заврши годината со состојба на сметките од 6,3 милијарди денари или 102,5 милиони евра, без долгови**. Ова имајќи во предвид **дека беа исплатени декемвриските пензии, здравственото осигурување за пензионерите, обврските кон приватните фондови. При тоа треба да се има во предвид фактот дека приватните пензиски друштва сеуште не вршат исплати на пензии, а од месечните приходи по основ на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, односно 6% одат кај нив**. Исплатени беа сите режиски трошоци, (струја, вода и сл) сите фактури кон сите оператори. Воедно, ФПИОСМ заклучно со 31 декември 2021 година имаше побарувања ненаплатени од МТСП за неколку месеци, односно придонеси за одредени категории на осигуреници за кои по закон треба придонесот да го уплати МТСП.

Со почит,

Скопје, 15.02.2023 година,

Билјана Јовановска

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 22-62/2
**Датум:** 12.01.2023

**ДО**

**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-ѓа Билјана Јовановска, поранешен директор**
**Ул. 23 Октомври бр.11**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Доставување на Нацрт извештај

Почитувана г-ѓа Јовановска

Согласно член 30 став 1 од Законот за државната ревизија („Службен весник“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник“ бр. 122/21 година) Ви доставуваме 1 (еден) примерок од Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

Ве молиме доколку имате забелешки на Нацрт извештајот, известете го писмено Овластениот државен ревизор во рок од 30 дена од денот на приемот. Во спротивно истиот ќе го сметаме за конечен и ќе Ви ги доставиме во конечна форма.

Со почит,

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил:
Сашко Геразов, раководител на ревизија

Одобрил:
Добринка Весковска, ПГДР

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје | Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup | Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата Емануел Чучков
Ул. Павел Шатев бр.2, 1000 Скопје

Број: 02-975/1
Скопје: 14.02.2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 14.02.2023

| Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
|---|---|---|---|
| | | | |

**ПРЕДМЕТ: Известување/Доставување Забелешки по Нацрт-извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија**

ВРСКА: Ваш број 22-62/4 од 16.01.2023 година

Почитувани,

Во однос на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, ФПИОСМ го разгледа Нацрт извештајот и постапувајќи по одредбите од Законот за државна ревизија во утврдениот рок од 30 дена, Ви ги доставува следните забелешки по истиот и тоа:

**4.1 – Внатрешни контроли**

Остварување на права од ПИО

Во подточката 4.1.1

Во врска со забелешките од нацрт извештајот од точка 4.1.1,Процедури во соработка со надлежните стручни служби носи менаџментот и со самото архивирање и доставување до вработените во 2021 година истите се во сила, значи и усвоени и одобрени и истите требало да се применуваат во 2022 година или да се укинат или сменат. Ревизијата констатирала дека се вршени соодветни обуки на вработените во Фондот, но не само во 2022 г, туку и во декември 2021 година.
*(Прилог 1)*

Во 2021 година се изготви системска апликација со која на странките веднаш им се дава примерок од барањето со пензиски број и линк до порталот, со кој може странката во секој момент да го следи статусот предметот.
Во пензиски предмети, поради електронска размена на податоци и законски измени веќе физички не се бараат од странките и не се скенираат работничка книшка, М1 М2 одјава од Агенција за вработување, листа за стаж од самиот Фонд како имател на податок за стаж

како и Решение за престанок на работен однос од работодавач, бидејќи истиот не се бара како основ за престанок на социјално осигурување од работен однос. **Одјавата е валидна по Закон само со формулар-овластување за одјава од работен однос кој се носи во АВРСМ, а потоа одјавата системски ја презема Фондот на ПИОСМ.**

Бидејќи апликацијата за скенирање на документи за пензиски предмети е стара, не го пушта предметот во работа без скенирање на физички документи (а истите ги има електронски), колегите ставаат лист хартија за да се пушти предметот во работа. **Не станува збор за немање документи во предмет, односно податоци, бидејќи истите ги има во систем преку размена на податоци со други институции.**

Доколку ревизијата утврдила предмети каде недостасуваат податоци кои влијаат на остварувањето право од ПИО, во тој случај треба да се наведат таквите предмети и за истите да се сноси одговорност.

За делот дека е потребен потпис за да се верификуваат податоците за поднесените документи, никогаш немало во системот такво нешто. Но, **за внесување стаж менаџментот во соработка со стручните служби донесоа процедура и упатство за внесување стаж, која е верификувана, архивирана и доставена до сите чинители, и истата со потешкотии почна да се применува. Истата имаше за цел потврдувањето на стажот да се врши со потпис и печат од матичар што внесува податоци за стаж физички, од контролор, кој проверува и потпишува и потоа истите се доставуваа во Одделението ИТ структура, отсек за скенирање, каде се скенираат и верификуваат, па потоа стануваат валидни за работа.**

При постапка за решавање на пензиски предмет, потпис електронски има од страна на матичарот во прилогот со внесен пензиски стаж, потоа го упатува на контрола матичар кој кога ќе го потврди тоа става потпис и го пушта на решавање. Кога решавачот ќе донесе нацрт решение, го препраќа на контрола во решавање. Контролата го верификува решението со свој електронски потпис, и на крај раководителот го потпишува решението. Оваа управна постапка по закон ја водат филијалите.

За бившите југословенски републики се отпочна со скенирање и анализа на сите спорни моменти (договори, протоколи, дигитализација), но истата требаше да отпочне со реализација.

Исплата на пензиски примања

Во подточката 4.1.2

Во врска со забелешките од нацрт извештајот од точка 4.1.2, за извршителите-изготвена и доставена беше информација до МТСП и Министерство за правда со која се објаснија причините и основите Фондот на ПИОСМ да престане со извршување над пензиите Надлежните министерства не се произнесоа по однос на информацијата, односно би кажала дека Министерството за правда е наклонето кон извршителите и под питисок на извршителите не ја ставаа информацијата на Влада.

*(Прилог 2).*

Со процедурите за архивирање во 2021 г. се отпочна со подготовки, беа дадени и за ажурирање, разгледување, но не се донесоа- планирано да се да заврши во тековната година. Авторизацијата на износот на пензија се прави во филијалите кои прават пресметка и носат решенија со износ на пензија. Врз основа на нив во ликвидатура, односно одделение за исплата на пензиски примања се формираат фајлови за исплата за во банка.

Одделение за исплата со ИТ секторот автоматски генерираат фајлови за исплата, а врз основа на кои фајлови пак одделение за плаќање генерира автоматски рекапитулари за исплата.

Во делот на усогласување, процентуално покачување на пензиите надлежни се Секторот за финансиски прашања и ИТ секторот кои имаат поддршка од надворешен ИТ провајдер. *Исплатата на пензии треба да се децентрализира по филијали, односно да исплаќаат филијалите кои ги носат решенијата, односно ги утврдуваат, пресметуваат износите на пензија.*

**Во однос на евентуални технички грешки, воспоставена е пракса на тестирање на неколку рандом избрани предмети, и откако ќе се утврди дека се е во ред, се пушта конечна обработк на сите предмети.**

**Пресметката на пензијата е автоматоматска во текот на решавање и носење решение во филијалите.**

**Во делот на одделение за исплата на пензиските примања кога референт врши доплата по решение има контроли кои ја потврдуваат точноста на исплатата.**

Што се однесува до починати лица, Фондот од 2021 година на дневна основа обработува примени податоци од УВМК. Доколку семејството не пријави починато лице, ФПИОСМ не може да знае дали некој корисник на пензија починал за да ја прекине исплатата. Исто така со новата апликација за солидарен фонд од 2021 г. покрај прецизна исплата на овие средства, добиваме и благовремена пријава за починато лице и поврат на средства од фамилијата.

Во 2021 година ризиците за исплата на починато лице се сведоа на минимум и со пуштање на потврди за живот за корисници на пензии во странство. Во 2021 година беа пуштени барања за потврди во два наврата. За потврдите пуштени во првата половина на годината се укинаа над 3.000 пензиски исплати.

**4.2 – Усогласеност со закони и прописи**

Во подточката 4.2.1 – Фондот продолжува со активностите за екипирање на одделението за внатрешна ревизија согласно планот за вработување за 2022г. и 2023 г.

Во подточката 4.2.2 – Фондот во соработка со надлежните министерства и во проект поддржан од Светска Банка започнати се активности за екипирање на актуарската единица. Во 2022 година за предвидената обука за добивање на лиценца за овластен актуар од страната на ФПИОСМ се назначени лица за обуката во врска со актуарскиот отсек во ФПИОСМ.Од секторот за човечки ресурси, правни и општи работи се направи анализа на законските можности за промена на работните места на назначени лица од работните места каде што моментално ги извршуваат работните задачи на работни места во отсекот за актуарство.

**Во подточката 4.2.4**

Во врска со забелешките од нацрт извештајот од **точка 4.2.4** кој се однесува за неконзистентните уплати (неидентификуваните и неалоцираните уплати), треба да се нагласи дека Одделението за контрола на податоци од придонеси од ПИО, континуирано ја следи состојбата и ги презема сите активности за разрешување на овие уплати.

За увид во состојбата на неконзистентните уплати, на дневна база се генерира автоматски извештај кој содржи детални информации.

За да разрешат треба да се открие за кој месец, за кој период се однесуваат уплатите. Во главно се однесуваат за период до 31.12.2005 година. Настанати се како резултат од издадени рачни налози во некој момент и истите не се разрешени на време. Поради тоа што е поминат подолг временски период разрешувањето нивно е комплицирано.

На филијалите и деловниците редовно им се укажува да се следи состојбата и се врши анализа на неиндетификуваните уплати, уплатите кои можат да се разрешат истите да се разрешуваат.

**Во извештајот (страна 12) " Со воведување на интегрираната наплата преку УЈП од 2006",треба да се изврши корекција, системот за интегрирана наплата преку УЈП е воведен од 2009 година.**

Неконзистентните уплати за период од 2009 година наваму, наведено е во извештајот дека во континуитет износот на нераспределените средства се зголемува.Анализите покажуваат дека контролните критериуми при обработка на пријавите не се во УЈП не се задоволителни.

Нераспределени средства има и од причина што има грешни уплати, некомплетни, нецелосни односно, уплатен е само дел, а мора да е уплатен во целост износот. Потоа задолжително по закон треба да е уплатена и каматата, а често се уплаќа главниот долг, без камата. Уплатените износи треба да се распределени и по вработени согласно платите и придонесите на секој вработен поединечно, ако има групна уплата Фондот не е надлежен и не смее самоиницијативно да ги распределува износите по вработени, односно да одлучува за висината за секој вработен по своја проценка. Класичен пример за некомплетна уплата е Еурокомпозит, за кого Владата во декември 2021 г. уплати на сметката на Фондот 71.128.844,00 денари главен долг, додека камата во износ од 33.334.832,00 денари не ја уплати, што е спротивно на законот, и од тие причини истите не се распределени по осигуреници.

- ***Прилог 3: Допис и Записник***

**Во подточката 4.2.5**

Во врска со забелешките од нацрт извештајот од **точка 4.2.5**: Отпочнати и реализирани проекти во делот на ИТ во 2021 година **како забелешки по однос на точка 4.2.5.**

-Вклучување во системот за сајбер безбедност. Потпишан е договор меѓу АЕК и Фондот на ПИОСМ. Целта на Системот е да се постави интегрирано решение за сајбер-безбедносен надзор, анализа и заштита на мрежен ИП сообраќај со што се овозможува постојан надзор, агрегација, анализа и заштита на протокот на податоци во мрежниот сообраќај, во реално време, како и откривање на напредни сајбер напади и закани;

-ФПИОСМ влезе во првите институции во рамките на проектот во МИОА со ЕУД за дигитализација на сервисите и поставување на порталот www.uslugi.gov.mk ;

- Консолидација на ИКТ серверската инфраструктура за главните Oracle бази на податоци - набавени се и имплементирани нови сервери за Oracle базите и е направена миграција на последната верзија на Oracle со што надминати се безбедносните ризици кои ги имаа старите верзии кои не се ажурирани и не се подржани од производителот;

- Консолидација на ИКТ серверска инфраструктура на апликативните сервери за главните Oracle апликации - во 2021 беа планирани средства за реализација на овој проект кои се имплементира во 2022.

- Беше изработен план за миграција на базата и апликациите на најнови верзии, проект кој се одлагал во Фондот повеќе од 10 години поради комплексноста и потреба од сериозна надворешна експертиза и проектен менаџмент. Планот е усвоен, формиран е тим и имплементацијата на проектот е започната со реализација од 50%-60% во 2021. Проектот беше одложен поради недостаток на средства и одложување на реализација на набавката за хардвер во 2022.

- Во рамките на ВПН мрежната инфраструктура е имплементирано решение за безедносен мониторинг на мрежниот сообраќај (Secure Network Analitycs)со континуиран мониторинг и извештај за аномалии

- Поврзувњето на локациите на Фондот со ВПН конекции беше реализирано со безбедносни механизми вградени во SD-WAN технологија со примарен MPLS линк и редундантен 4G линк. Зголемена е безбедноста на комуникациите и обезбедена е висока достапност.
- Беа заменети старите и дотраени спратни свичови во управната зграда со што е направена модернизација и зголемување на перформансите на мрежната инфраструктура во управната зграда на Фондот.

- Во буџетот и планот за 2022 г. беа планирани средства за модернизација и обнова на дотраените мрежни свичови и каблирањето по 30-те оддалечени локации на Фондот

- Дефинирани беа во форма на стратегија други проекти за зголемување на безбедноста, но поради ограничени средства не беа ставени во планот за 2022.

- Фондот на ПИОСМ отпочна реализација со МВР за користење на резервна локација.

Во 2021 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија паралелно се спроведуваа осум проекти, дел се целосно реализирани во 2021, а дел треба да завршат во периодот што следува. Сите проекти се во насока на подобрување и осовременување на услугите што ги дава Фондот кон граѓаните и обезбедување на максимална заштита и сигурност на податоците на осигурениците и обврзниците.
Проект за администрирање на социјалното осигурување-СИАП, носител е Министерството за труд и социјална политика, а Фондот е вклучен во неколку подкомпоненти:

- Како клучна подкомпонента на проектот е консолидација на податоците на ПИОСМ во врска со придонесите на осигурените лица -М4 извештаи. Целта е да им се олесни на граѓаните кои имаат некомплетни податоци за стаж во Фондот. Се

работи на проблемот, како да се унапредат законските решенија за комплетирање на евиденцијата на осигурениците. За овој проект на Република Северна Македонија ѝ беше одобрен кредит од страна на Меѓународната банка за обнова и развој.

- Воспоставување Централно координативно тело (единица) за утврдување инвалидност, кое ќе биде одговорно за иницирање, организирање, изведување и известување за сите проценки на инвалидноста во земјата.
- Ревизија на списокот на опасни занимања подобни за предвремено пензионирање со бенефициран стаж.
- Функционален преглед (анализа) на Фондот за ПИОСМ и предлози за негова модернизација
- Дизајнирање на единствен унифициран регистарски систем (SURS)
- PROST модел (Pension Reform Options Simulation Toolkit)- симулациски модел за пензии- доставени се податоците од Фондот на ПИОСМ, се чека на податоци од МАПАС со податоци за вториот столб, и по комплетирање на податоците, ќе се одржат обуки на вработени во Фондот со цел правење еден вид актуарски симулации со користење на овој модел;

Фондот на ПИОСМ во април 2021 започна со анализа и во тек е развој и имплементација на уште најмалку десетина услуги кои ќе се добиваат и електронски (поднесување барања за старосна, семејна и инвалидска пензија, решение за пензија, барање за надоместок за телесно оштетување, потврди по повеќе основи и др.);
Поврзаност преку Платформата за интероперабилност. Фондот на ПИОСМ е поврзан со Управа за водење ма матични книги, Централен регистер, Агенција за супервизија за капитално финансирано пензиско осигурување. Целта на платформата е електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат;

**Во подточката 4.2.6**
По однос на препораката и наодот за лекарите-специјалисти- ова не може да е наод од причина што во тек е СИАП проект, кој меѓу другото го уредува и прашањето за формирање централно координативно тело за утврдување инвалидност, каде ќе потпадне и Комисијата за оцена на работна способност. Имено, со овој проект Комисијата повеќе не би била дел од Фондот на ПИОСМ. Имајќи го ова во предвид, апсурдно би било да се бара вработување на ваков кадар, кога не се знае какви се промени ќе предизвика СИАП проектот. Затоа сметаме дека овој наод не треба да стои (а со тоа и препораката за изнаоѓање на одржливо решение за пополнување на предвидените работни места во КОРС)
- Имајќи во предвид дека Фондот и нема друга опција, освен да учествува, сметаме дека и оваа препорака не треба да стои.

## 4.3-Финансиски извештаи

**Во подточката 4.3.1**

Во Нацрт- извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот на ПИОСМ, во точка 4.3.1. е наведено дека од Одделението за стопанисување со имотот до Одделението за плаќање во јануари 2019 година бил доставен табеларен преглед на движен и недвижен имот стекнат во стечајна постапка, и дека за истиот не била воспоставена сметководствена евиденција.

Истата не е воспоставена ниту во 2021 година бидејќи не можел вредносно да се искаже сметководствено (записници за примопредавање, решение за стечај и сл.). По однос на Препораката од истата точка дека треба да се изврши **попис и сметководствено евидентирање** на постојните средства добиени по основ на затворени стечајни постапки, до Одделението за плаќање кога ќе бидат доставени соодветни извештаи за извршен попис на овој имот во 2022 година, истиот сметководствено ќе се евидентира.

**Во подточката 4.3.2**

Во врска со забелешките од нацрт извештајот од **точка 4.3.2**: по однос на препораката, за т.н. штети наведени во оваа точка, истите не се од 2021 година, туку се износи кумулирани од минати години. Дел од нив се настанати со исплата на пензии на корисници во Македонија за кои Фондот немал дојава/пријава од членовите на семејството на починатото лице дека истите се починати. Се додека не се донесе умреница, односно додека УВМК не дојави до ПИОСМ дека лицето е пријавено за починато, за Фондот исплатата е регуларна. Веднаш штом Фондот дознае за смртта на корисникот на пензија истиот ја прекинува исплатата и презема мерки за поврат на средствата.
Исто така кај решенијата со времените инвалидски пензии, кога на контролен преглед лекарската комисија ќе донесе наод со препорака за укинување на времената пензија, предметот оди по ревизија пред комисија во МТСП, а странката има право на жалба пред второстепена комисија која не е од Фондот, и се до носење решение од второстепениот орган Фондот е должен да ја исплаќа пензијата. Тоа може да трае со месеци, па доколку второстепениот орган, Државна комисија за одлучување во управна постапка го потврди првостепеното решение за укинување на времената пензија, Фондот ги побарува средствата, и доколку странката не ги врати се отпочнува судски спор.Исто така, ФПИОСМ меѓу другото и поради оваа причина иницира пред МТСП измени во законската регулатива. Се дотогаш во овие случаеви ФПИОСМ не може да стори ништо превентивно.

Во 2021 година се превземени неколку активности за намалување на ризици и тоа:

1.Во два наврати се пуштени барања за потврди за живот за корисници на пензии во странство и се укинаа над 3 000 пензии.

2.Воспоставена централна размена на податоци со УВМК, а не рачно преку подрачните на ФПИОСМ и УВМК.

3.Нова електронска апликација за следење на барањата за исплата на солидарен фонд https://uslugi.piom.com.mk/ords/f?p=654:2:::NO:RP::&cs=3qazXAeuL5CxY34txRkqeMSjdt1yGDXjbgVKPumlG3JXMbrgafAiu_HmYoGHDvt8-3AYQZfj3qkiaxgZvLat11A

4.Кај времените решенија, поради кои има штети, побарано е од МТСП да се смени законската регулатива, тука ФПИОСМ не може да стори ништо превентивно.

Дадените препораки веќе се применети, но потребно е штом починато лице се пријави во здравствена установа преку Мој термин веднаш податокот да стигне до УВМК, а преку нив и до ФПИОСМ. Во спротивно, семејството на починатото лице има законски рок од 30 дена да го пријави, а се случува и по пет месеци да не ги пријавуваат, пензиите се исплаќаат предвреме и така настанува несаканата ситуација. Во прилог ви беа доставени мејлови и известувања како примери за ваквите ситуации.

Во подточката 4.3.3
Во врска со забелешките од нацрт извештајот од точка 4.3.3: Управниот одбор на Фондот по усвојување на Извештајот од извршениот попис на хартиите и вредност донесе одлука за бришење на акции/удели од друштва стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и евидентирани во матичната и сметководствената евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2022 година бр.02-803/1 од 08.02.2023 година со цел соодветно сметководствено евидентирање.
(Прилог 4).

**Од овие причини сметаме дека наодот по истото треба да биде избришан или да биде корегиран, со овие податоци согласно наведеното и доставениот документ/доказ.**

<u>4.4 Користење на средства согласно законски прописи</u>
Во 2021 година буџетот на Фондот на ПИОСМ беше 80,7 милијарди денари од кои за јавни набавки се предвидени и реализирани 121.262 илјади денари или 0,15%. Со 31.12.2021 година **Фондот ја заврши годината со состојба на сметките од 6,3 милијарди денари или 102,5 милиони евра**, односно со зголемување од 28,5% во однос на 2020 година и **најважно без долгови.** Ова имајќи во предвид дека беа исплатени декемвриските пензии, здравственото осигурување за пензионерите, **обврските кон приватните фондови, кое се заедно зафаќаат 99% од вкупниот буџет на Фондот. При тоа треба да се има во предвид фактот дека приватните пензиски друштва сеуште не вршат исплати на пензии, а од месечните приходи по основ на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, 6% одат кај нив.** Исплатени беа сите режиски трошоци, сите фактури кон сите оператори. Воедно, ФПИОСМ со 31 декември 2021 година имаше побарувања ненаплатени од МТСП за неколку месеци, односно придонеси за одредени категории на осигуреници за кои по закон треба придонесот да го уплати МТСП.

Во подточката 4.4.1 е искажано дека во текот на ревизијата на постапките за јавни набавки во 2021 година се утврдени следните состојби:
Во врска со спроведена постапка за <u>Набавка на мрежна опрема (Свичеви)</u> по оглас бр.08713/2021 утврдено дека договорниот орган во тендерската документација за оваа набавка не постапил во согласност со член 3 од ЗЈН.
Во врска со ова, условите кои договорниот орган - Фондот ги предвидувал за утврдување способност и немало ограничувачки ефект на конкуренцијата и истите беа оправдани и пропорционални со предметот на набавката, и при спроведување на постапката за јавна набавка се обезбеди еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата и на начин што се обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење:

- Условот за 5-те различни сертификати се поврзани со предметот на набавката (имплементација на нов опрема за LAN мрежа). Сертификатите се вендор неутрални (TOGAF, COMPTIA) и истите ги имаат повеќе оператори на пазарот.
- Останатите сертификати за мрежна опрема и безбедност на мрежно ниво се побарани за понудента опрема. Истите се општи и не преферират производител.
- Последниот сертификат за HPE Aruba се бара затоа што новите свичови треба да се интегрираат со постоечки HPE Aruba свич.

Оттука, очигледно е дека бараните сертификати се во согланост со предметот на набавката.

**Предметот на набавка на поддршка на мрежна инфраструктура Лот 2**, се однесува на поддршка и безбедност на постоечка мрежна инфраструктура но не и на нова опрема која во моментот на склучување на договорот не може да се предвиди. Очигледно ревизијата не го земала во предвид целиот контекст туку донесува **заклучок на основа на преклопување на опис на две реченици.**

Имено, услугите дефинирани во овој договор:

- **Инсталација и поврзување на уредите на централна локација на ФПИОСМ**
- **Миграција на мрежни сервиси согласно потребите на ФПИОСМ**

Се однесуваат на сосема друга опрема – дефинирана во техничката спецификација од овој оглас и постоечка опрема во централната локација со која ова опрема треба да се поврзува. Терминот ". Миграција на мрежни сервиси согласно потребите на ФПИОСМ се однесува на опремата предмет на набавката и постоечката опрема, и во никој случај не може да се однесува на опрема што се планира да се набавува во иднина.

Забелешката во однос дека услугите за монтажа, инсталација, миграција и тестирање на опремата е неоснована, бидејќи во двата долунаведени договори не станува збор за истата услуга.

Односно согласно тендерската документација и од Договорот за набавка на услуги за безбедносна поддршка на мрежна инфраструктура, услугите опишани во член 9 од Договорот се однесуваат конкретно за мрежната инфраструктура наведена во лот 2 од предметната постапка, односно на постоечкото инфраструктура која е точно определена во моментот на предметната набавка. Ова може да се утврди од тендерската документација и од доставената понуда, бидејќи истото не јасно дефинирано во договорот за јавната набавка. Исто така, предмет на одржување не може да биде идна опрема, бидејќи на тој начин понудувачот нема информации ниту сознанија дали истиот е компетентен да ја извршува таа идна/непозната услуга ниту пак истиот може да утврди цена за таа идна услуга. Оттука, јасно произлегува дека понудувачот својата понуда со јасно утврдена вредност за услугата ја дал единствено за одржување на постоечката инфраструктура врз основа на техничката спецификација во тендерската постапка.

Додека пак услугите од точка 6 од **Договорот за набавка на мрежна опрема (свичеви)** наведени во тендерска документација за набавка на свичеви се однесуваат за инсталација, миграција и тестирање на ново набавената опрема (свичеви) кои се набавени во предметната тендерска постапка.

Понудата која е дадена од економскиот оператор како за набавка така и за услуги за инсталација и миграција е конкретно изготвена врз основа на барањата наведени во техничката спецификација од тендерската постапка.

Дотолку повеќе што оваа услуга не може да се подведе под редовно одржување на постоечка инфраструктура од причина што истата опфаќа физичка инсталација на нови уреди, средување на рак ормар, каблирање, миграција на стара кабелска инфраструктура на новите свичови и други поврзани услуги што може да се види во изведената документација.
Забелешките се неосновани од причина што видно од спроведените постапки за набавка станува збор за различна услуга. Во договорот бр.20-1347/1 од 10.03.2021 г. кој се однесува на набавката на безбедност и поддршка на мрежна инфраструктура (ИТ систем и ИТ мрежа) може да се однесува само на наведената инфраструктура во самата постапка и на веќе постоечка инфраструктура во моментот на постапката, односно понудата.

Впрочем првата постапка и договор се реализирани неколку месеци пред втората, па така повеќе од јасно е дека се однесува на набавката на безбедност и поддршка на мрежна инфраструктура наведена во самата постапка на која се однесува и на веќе постоечка инфраструктура во моментот на постапката, односно дадената понуда. Не може во никој случај да се потпише договор за услуга на нешто што не е набавено, односно одржување на нешто што го немаме. Постапката за набавка на свичеви не била спроведена ниту со сигурност можело да се знае дека ќе се спроведе, па да однапред да се бара одржување, односно инсталирање, тестирање, мигрирање на свичеви, а не знаеме какви!? Значи постапката и договорот бр.20-4118/1 од 16.08.2021 г. се однесува на купување, инсталација и интеграција на нова опрема (свичеви) која на договорните страни од договорот бр.20-1347/1 од 10.03.2021 год. не им е позната ниту за време на јавната набавка, ниту во време на потпишување на договорот.

Во втората постапка за набавка на свичеви барано е каблирање, пуштање нова оптика, инсталација на свичевите, тестирање, мигрирање и оваа услуга не е предвидена во претходната постапка.
Од горенаведеното и доколку детално се разгледаат двете постапки и документации јасно може да се утврди дека не се работи за двојна наплата на исти услуги, односно услугите за одржување, инсталација итн за кои на економскиот оператор му се исплаќа месечен надомест се однесуваат конкретно на мрежната опрема наведена во лот 2 од предметната постапка.
Додека пак услугите наведени во точка 6 од од Договорот за набавка на мрежна опрема (свичеви) се однесуваат конкретно на новнабавената мрежна опрема која согласно тендерската документација е предвидено да се инсталира, мигрира и тестира.
Оттука јасно произлегува дека предметот на услугите дефинирани во овие две постапки се сосема различни и неповрзани.
Забелшката дека на ова постапка како резултат на горенаведеното е пријавен само еден економски оператор е неоснована и смета дека ако е извршен увид на постапката во ЕСЈН делот на досие на постапки можеше да се утврди дека се поднесени *две прифатливи понуди* и постапката заврши со електронска аукција со намалување на цени. Во прилог Доказ (Извештај за текот на е-Аукцијата) (Прилог 5).

***Од овие причини сметаме дека наодот по истото треба да биде избришан или преформулиран, со овие податоци согласно наведеното и доставените документи/ докази од причини што е од битно влијание во мислењето за усогласеност со законските прописи искажано во точката 5 од извештајот Ревизорско мислење – Мислење за усогласеност со закони и прописи.**

Во подточката 4.4.2 е искажано дека во текот на ревизијата на постапките за јавни набавки во 2021 година се утврдени следните состојби:
За предметната набавка Набавка на компјутерска опрема (персонални компјутери, монитори, лаптопи, принтери и скенери) по оглас 09599/2021 договорниот орган објавил оглас на ЕСЈН и Службен весник на РСМ ја информирал јавноста за својата потреба од набавка, во зависност од проценетата вредност, на сите заинтересирани економски оператори им оставил доволно време да достават понуди и на сите им дал исти услови за учество согласно ЗЈН.
Исто така немаше жалби за спроведената постапка во ниту во делот за техничка и тендерска документација.
Договорниот орган согласно законот, во постапката за јавна набавка ги вклучува оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови се директно поврзани со предметот на јавната набавка.
Забелешките кои се однесуваат на конкурентноста се неосновани и согласно законските одредби кои се наведени подолу, заради обезбедување на квалитетот на набавките покрај банкарската гаранција, договорниот орган правилно барал услугите и производите да се обезбедат од овластен партнер и дистрибутер на производителот на производите, со што договорниот орган ќе се заштити од копии и производи со несоодветен квалитет. Притоа договорниот орган не ја ограничува конкуренцијата ниту на одреден бренд ниту пак на одредени перформанси, туку истиот како критериум за квалитет на производите бара економски оператор кој со сигурност ќе достави оргинални квалитетни производи, со соодветна гаранција од производителот согласно долунаведените законски одредби од Законот за јавните набавки.

Барањето за авторизација издадена од производителот гарантира дека доставената опрема е нова, неупотребувана како и гаранција дека бараната опрема ќе биде доставена преку официални канали на производителот. Ова е стандардно барање и истото не ја лимитира конкуренцијата.

ISO стандардот е показател за нивото и квалитетот на економскиот орган. Ваквиот стандард не ја лимитира конкуренцијата.
Барањето за технички лица е потребно за квалитетна и соодветна техничка подршка и замена на деловите во гарантен период од 3 години.
Бараните технички карактеристики се согласно потребите на Фондот и се стандардни барања за компјутери и принтери. Наведените к-ки се минимални барања и според законот за ЈН може да се понудат еквивалентни или подобри модели. Според тоа бараните технички спецификации не ја ограничуваат конкуренцијата.

Забелешките од точка 4.4.2 за неправилности согласно член 114 од ЗЈН односно дека цената на понудените производи од избраниот економски оператор е за 50% пониска од другите понудувачи, е неосновано од причина што понудената и избраната цена од економскиот оператор е истоветна со пазарната цена за предметните производи во тој период.
За горенаведеното доставуваме пазарни цени за иста предметна опрема за која има склучено договори за јавни набавки од кои може јасно да се утврди дека понудената цена е реална согласно пазарната цена во моментот на ИТ пазарот, а понудите од останатите оператори се несразмерно високи и не конкурентни.

Дополнително, во барањата од тендерската документација е наведено дека набавката вклучува 3 годишна гаранција и локални услуги за поддршка во гарантен период од страна на овластен сервисен партнер за понудената опрема. Услугите за оваа поддршка се вклучени во цената и од таа причина не може да се споредува со цена на уредот.

Од оваа причина, цените на проектна набавка не се споредуваат со цените во малопродажба, односно истите се менуваат од случај до случај и истите соодветствуваат на предметот на набавка, барањата и нивото на побарана услуга.

Отсуството на интерес кај економските оператори кои можат да го реализираат предметот на договорот, а притоа не доставиле понуда, не е пречка за договорниот орган што ја избрал поднесената единствена прифатлива понуда и не ги загрозува основните принципи на законот,како во наведената постапка предмет на ревизијата.

**Во конкретниов случај, при избор на понудата на единствениот понудувач се зема анализата која се однесуваше на пазарна цена на предметот на набавка имајќи ја предвид дефиницијата, според која „пазарна цена" е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично.**

При поднесувањето на првичните понуди за принтери и скенери, понудените цени се многу високи и нереални коишто не го одразуваат соодветниот пазар, а со тоа давање на погрешни резултати од истражувањето на пазарот.

Понудената цена опфаќа мултифункциски уред (принтер и скенер).

Цените во првичните понуди на економските оператори се повисоко поставени во очекување на нивно намалување во текот на негативното наддавање со е аукцијата.

По доставување понуди со невообичаено високи цени понудувачите имале простор за нивно намалување до „реалните" пазарни цени во текот на самата фаза на е-аукција, но во текот на е-аукцијата немаше намалување на цените.

Имајќи во предвид дека беше период на ковид и економска криза и ризиците со кои операторите се соочуваа, како што беа зголемување на цена без најава од производителот, зголемени трошоци за транспорт, доцнење на испорака од страна на производителот, ризик од активирање на банкарска гаранција и негативна референца, дополнителни трошоци за операторот и слично, беа доволни причини зошто не се поднесени повеќе понуди. Во однос на тоа колку економски оператори ќе дадат понуда, Фондот на ПИОСМ нема никаква одговорност, ниту надлежност.

Дополнително, пред секое носење на одлука, воспоставена е пракса за проверка дали понудените цени се реални во однос на пазарните. Во случајот не станува збор за понеповолни цени (истите се во рамките на пазарните цени за овој вид на производи), а секако не можеме да се ограничиме само на една цена дадена на пазарот, во тој момент.

Во врска со забелешката дека Договорниот орган не извршил детална анализа на пазарот и не извршил поништување на постапката согласно член 114 од ЗЈН, за набавката предмет на ревизија во текот на постапката е добиена прифатлива понуда и истата ги одразува реалните движења на пазрот, договорниот орган проценил дека не е исполнет условот за

поништување на постапката и оценил дека повторувањето на целата постапка е само дополнителен трошок имајќи предвид цените на пазарот.

Во прилог Ви доставуваме **договори од 2021 год. и 2022 год. за набавка на компјутерска опрема** од кои јасно се гледа дека не е точно дека цените по кои се набавени компјутерите не соодветствуваат со тие на пазарот.Прилог бр.6

Јасно се гледа дека Ревизорот НЕ ПОТВРДИ КОЈ, каде и како направил истражување на цени после една година, односно една година наназад за да дава такви наоди и препораки?!

ФПИОСМ е институција со критична инфраструктура, па ако падне системот или се изгубат базите со податоци ќе настане непоправлива штета за целата држава и граѓаните, а предходно во точка 4.2.5 ревизијата дава забелешки за заштита и безбедност на ИТ системот, иако не ги зема во предвид преземените мерки и проекти за помалку од една година. ФПИОСМ барала услугите и производите од точки 4.4.1 и 4.4.2 да се обезбедат од овластен партнер и дистрибутер со цел заштита од копии и производи со сомнителен, несоодветен квалитет кој би можел да нанесе непоправлива штета.

ФПИОСМ барал оправдано производителот да гарантира дека доставената опрема е нова, неупотребувана, безбедна како ни тоа дека бараната опрема ќе биде доставена преку официјални законски канали на производителот. Ова барање не ја ограничува конкуренцијата.

Во никој случај ФПИОСМ не ја ограничил конкуренцијата ниту на одреден бренд ниту пак на одредени перформанси, туку истиот како критериум за квалитет на производите бара економски оператор кој со сигурност ќе достави оригинални квалитетни производи, со соодветна гаранција од производителот согласно долунаведените законски одредби од Законот за јавните набавки.

Како пример за несоодветна ИТ инфраструктурата се последните случувања во државни институции со упадот во нивниот ИТ систем, нешто што доколку не се преземеа горенаведените активности во Фондот на ПИОСМ, можеше и овде да се случи.

При дефинирање на Техничките спецификации за предметната набавка е обезбедена на сите економски оператори еднаков пристап до постапката за јавна набавка и пазарна конкуренција во јавната набавка.

**Од овие причини сметаме и предлагаме дека наодот по истото треба да биде избришан или корегиран, со овие податоци согласно наведеното и доставените документи/ докази од причини што е од битно влијание во мислењето за усогласеност со законските прописи искажано во точката 5 од извештајот Ревизорско мислење – Мислење за усогласеност со закони и прописи.**

**Во подточката 4.4.3 е искажано дека во текот на ревизијата на постапките за јавни набавки во 2021 година е утврдена следната состојба:**
Во врска со спроведување на постапка за **Набавка на телекомуникациски услуги за мобилна телефонија** по оглас **02946/2021** утврдено дека тендерската документација за оваа набавка не е во согласност со член 4 од ЗЈН.

Договорниот орган при изготвување на ТД по оглас бр.02946/2021 го користи и применува моделот на технички спецификации од БЈН кој беше важечки во периодот на спроведување на постапката во 2021 година. Воедно и Ревизијата во предходните ревизорски извештаи немаше забелешки и препораки за промена на техничката документација за оваа постапка. За нов начин на подготовка на техничка спецификација за користење мобилна телефонија и интернет Владата ги задолжи институциите во октомври 2022 година.
Со објавениот оглас на ЕСЈН број 02097/2023 се преземени сите активности од страна на одговорните лица и при спроведувањето на постапката за јавна **Набавка на телекомуникациски услуги за мобилна телефонија** во 2023 година, предметот на понудата ќе ги опфаќа сите услуги кои се предмет на набавката.Имено во тендерската документација предвидено предмет на наддавање на аукцијата да биде **Износ на месечна претплата по претплатничка линија.**

Изготвената ТД за 2023 година е согласно Препораката и Извадок од Нацрт – записникот од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 09 октомври 2022 година.

Со вака спроведување на набавка која е во тек (Огласот за доделување на договор за јавна набавка е отворен до 01.03.2023 година), утврдената состојба е надмината, поради што ревизијата не треба да дава препорака.
Прилог:линк од огласот на ЕСЈН
https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie/863ed904-a068-468a-8757-93e8a063191f/14

***Сметаме дека наодот и препораката по истиот треба да биде избришан, од причини што е од битно влијание во мислењето за усогласеност со законските прописи искажано во точката 5 од извештајот Ревизорско мислење – Мислење за усогласеност со закони и прописи.**

**Основ за изразување на мислење**

Во однос на **„Основот за изразување на мислење“ – алинеја 2**, треба да се наведе дека Одделението за контрола на податоци од придонеси од ПИО, континуирано ја следи состојбата и ги презема сите активности за разрешување на овие уплати.

Во однос на **„Основот за изразување на мислење“ – алинеја 3**, треба да се наведе дека Одделението за правни работи ги презема сите активности во однос на постапување по предметите (штети) и тоа: известување до странката дека му е извршена неоснована исплата на пензија, опомена, опомена пред тужба, тужба.
Кога ќе заврши судската постапка со правосилна пресуда, на должниците прво им се испраќа опомена пред извршување (со цел да им се намалат трошоците за извршување). Доколку не се јават во Фондот, тогаш се пристапува кон присилна наплата преку доставување Барање за извршување до надлежен извршител.

Проблем е тоа што многу малку ни се враќаат повратници, кои служат како доказ дека странките ги добиле писмата (известувања, опомени пред тужба) кои им се испратени. Се случува дури и тужбите Основниот граѓански суд Скопје, да не може уредна да ги достави, поради што се обраќа до Фондот дали се сложува доставата да се изврши преку извршител или нотар.

## 6. Наглaсување на прашања за неизвесност и континуитет

Забелешка по Нацрт извештајот имаме на точка 6.2, Што се однесува до Солидарен фонд- никаде во нацрт извештајот не се спомнува дека зголемувањето на задршката за солидарен фонд, како и висината на средствата кои се исплаќаат како посмртна помош на семејствата на починатите пензионери се одредува со Одлука на СЗПМ, додека Фондот е само сервис, не и менаџер со овие средства, како и тоа дека овие средства одат на посебна сметка, само за таа намена.
По однос на констатацијата дека состојбата се подобрила заради намалувањето на бројот на починати корисници на пензии - тоа е едниот аргумент, додека другиот е дека СЗПМ со Одлука изврши намалување на средствата кои се исплаќаат на семејствата на починатите пензионери од 30.000 на 25.000 денари. Затоа е и подобрена исплатата.

По однос на констатацијата дека „ Потребно е Фондот да го преиспита постојниот начин на евидентирање и искажување на трансакциите и состојбата на средствата од солидарниот фонд во финансиските извештаи на Фондот...„- Напоменувам дека постои посебна сметка за оваа намена (нешто што сигурно е објаснето од страна на Секторот за финансиски прашања), така што нема тука што да се преиспитува. Буџетските средства на Фондот се на посебна сметка, тие за солидарен фонд се на посебна, така што овие 2 работи се одвоени и нема вкрстување.
Забелешка по Нацрт извештајот имаме на точка 6.4, Проблемот со извршување над пензиите е лоциран и инициран за решавање во април 2021 година. Информација за проблемите за извршителите е изготвена во јуни 2021 година и доставена до МТСП и Министерство за правда. Одржани се состаноци во Министерството за правда со министерот Маричиќ, претставници од МТСП и претседателот на комора на извршители на иницијатива на ФПИОСМ.Доказ во прилог 2.

**Забелешка по Нацрт извештајот на Точка 6.7** Во однос на ревизорската забелешка дека во декември 2022 г. е формирана работна група која треба да изготви функционална анализа на Фондот, Напоменуваме дека и ова прашање е дел од СИАП проектот (како и тоа за актуарската единица, централно координативно тело за утврдување инвалидност, М4) и лица кои ќе учествуваат во изготвување на функционалната анализа, како претставници од Фондот, беа номинирани и доставени до МТСП уште во 2021 година. Истите учествуваа и при избор на економски оператор кој ќе ја спроведе целата активност. За ова Ви беа пратени материјали по маил.

По однос на делот за вработувања, ова се фактите:

- На 11.12.2020 г. МФ со допис бр. 08-4628/292-2 дава негативно мислење по однос за годишниот план за вработување за 2021 г. кој предвиде 65 нови вработувања;
- На 30.12.2020 г. со допис бр. 08-4628/346-2 МФ даде позитивно мислење на годишниот план за вработување за 2021 г за 34 нови вработувања;
- На 12.02.2021 г. МФ со допис 18-1866/1 даде согласност за обезбедени финансиски средства 34 лица од кои 23 лица на работно место раководител на филијала/ деловница. Во најголем дел овој план се реализираше.

Наведените 72 лица се предвидени во планот за вработување за 2022 година.

*Прилог бр. 7*

Инаку, во 2021 г. направени се и 7 преземања од други институции и по рамковен беа преземени и распределени околу 15 лица.

Инаку овие лица поминаа обуки и беа распределени на работни места и извршуваа конкретни работни задачи со полно работно време. Во оваа бројка влегуваат и докторите и дактилографите од лекарските комисии, хигиеничари и управители на пензионерски домови кои во минати години биле ангажирани преку фирма избрана во тендерска постапка. Со овие вработени во 2021 година се постигна успех во насока на распределување на надлежности што ги споменувате и препорачувате предходно (но и во претходните ревизорски извештаи), потоа рокот за решавање на предмети се сведе под законскиот рок, инвалидските предмети кои не беа решени пред лекарски комисии, на крајот од 2021 беа завршени, а потоа и тековно се решаваа (не заостана ниту еден предмет).

7.Останати прашања

Точка 7.1 По однос на забелешката дека „...и понатаму не е доволно за покривање на расходите за социјални бенефиции кои исто така...„- висината на социјалните бенефиции е директно поврзано со политиките на Владата на РСМ, како и со фактот дека вториот столб се уште не врши исплати на пензии, а од месечните приходи по основ на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, 6% одат кај нив. Од таму не може да стане збор за покривање на делот кој се префрла кај нив. Со термините кои се искористени во извештајот, се стекнува погрешен впечаток дека Фондот има дефицит, а всушност се однесува на пензиската реформа, кога придонесот од 21% се намали на 18,8 %, од кои 6% се префрлаат во приватните пензиски друштва, односно кога се воведе приватно финансираното пензиско осигурување. Овој недостаток на средства ќе се покрие дури кога приватните пензиски друштва ќе почнат исплата на пензии во нивниот дел.

Ве известуваме дека, освен горенававедините забелешки Нацрт извештајот ја прикажува објективната слика на работењето на ФПИОСМ во услови кога има неусогласености со законската регулатива, недостаток на потребен кадар за спроведување на дејноста на ФПИОСМ, како и недостаток на квалитетни податоци кои ФПИОСМ ги добива од другите институции, а кој се неопходни за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување.

Со почит,

В.Д ДИРЕКТОР
Orhan Bexheti

Изработиле:
Sinan Sejfulla
Fatime Nexhipi
Согласен:
Билјана Јовановска
Директор(28.10.2020-08.02.2022 год)

Прилог бр.3

Одговор на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија бр. 22-62/1 од 12.01.2023 година и тоа:

- На ден 14.02.2023 година од раководното лице на Г. Фондот Дритан Беџети, в.д. директор заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-62/5 од 14.02.2023 година.
- На ден 15.02.2023 година од Г-ѓа Биљана Јовановска, поранешен директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-62/6 од 15.02.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки од в.д. на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, Г. Фондот Дритан Беџети**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува на потребата од ажурирање на интерни процедури за одделните процеси во постапката за остварување на правата од ПИО, соодветна поделба на надлежностите и потврдување на документацијата со електронски потпис во електронското досие **делумно се прифаќа и тоа:**

- забелешката која е поврзана со изработените, но неусвоени ажурирани процедури за работа кои се наведени во фуснота 2 **не се прифаќа,** поради не е обезбеден доказ дека истите се одобрени од страна на раководството, а се однесуваат на:
    - Процедура: Комплетирање на податоците за осигуреникот во матичната евиденција на Фондот кога е поднесено барање за остварување право од ПИО (бр.02-2004/1 од 24.03.2011 година),
    - Процедура: Донесување на решение во прв степен од областа на ПИО во Филијала при Фондот на ПИОМ (бр.02-1877/1 од 22.03.2011 година).
    - Процес за остварување право на семејна пензија од корисник и од осигуреник и семејна пензија по основ на неспособност (бр.02-2857/1 од 18.05.2012 година).

- забелешката која е поврзана со процедурите наведени во фуснотата бр.4 **се**

**прифаќа** и текстот на истата се брише, а се однесува на:

- Процедура за утврдување на податоците за стажот на осигурување, платите и надоместоците на платата и основиците на осигурување за период до 31.12.2005 од 02-6132/1 од 29.12.2021,
- Процедура за регулирање на стажот на вршители на самостојна дејност 02/6133/1 од 29.12.2021,
- Процедура за остварување на правото за инвалидска пензија и телесно оштетување со примена на договорите за социјално осигурување со поранешните ЈУ републики 02-5977 од 20.12.2021

- забелешката која се однесува на периодот на извршените обуки на вработените **се прифаќа**, поради дополнително доставена документација за извршените обуки на вработените декември 2021 година и во последниот пасус од оваа точка од извештајот на почетокот од реченицата се додава текстот "Во декември 2021 година и"

Воедно со искажаното во забелешката Фондот ги потврдува слабостите во делот на комплетноста на електронското досие и непотврдување на дел од документацијата со електронски потпис.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2.** која се однесува на слабости во системот за следење и обработка на финансиските досиеја и исплата на пензиските примања претставува **известување** за преземени активности кои се извршуваат од одговорни лица во Фондот како дел од тековните работни задачи кои на ревизијата и беа познати во периодот на вршење на ревизијата.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на нецелосна екипираност на Одделение за внатрешна ревизија претставува **известување** дека Фондот продолжува со активностите за екипирање на одделението за внатрешна ревизија согласно планот за вработување за 2022 и 2023 година.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на целосно непополнет Отсек за актуарство претставува **известување** од страна на Фондот дека ќе продолжи со активности за екипирање на актуарската единица во нареден период година. Не се доставени дополнителни докази со кои би се промениле констатациите наведени во наодот од оваа точка.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува на констатирани слабости во врска со нераспределени уплати за пензиско осигурување претставува **известување** за причините за констатираната состојба по која Фондот презема активности и известува дека се доставуваат укажувања на филијалите и деловниците за анализа на неидентификуваните уплати по основ на уплатен придонес за ПИО, но контролните активности од страна на Фондот и УЈП не се задоволителни што претставува потврдување на

изнесеното во наодот од оваа точка. Истото е соодветно презентирано во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и е дадена препорака за интензивирање на активностите за разрешување на состојбите со неалоцираните и нераспределените средства од страна на Фондот во соработка со УЈП и останатите институции. Поради констатирана техничка грешка **се прифаќа** забелешката во врска со годината на започнување на интегрираната наплата на придонесите за пензиско осигурување преку УЈП и во текстот на извештајот годината 2006 се менува со 2009 година.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.5.** која се однесува на неизвршено екипирање на ИТ секторот и неусвоени ИТ стратегии за развој на информацискиот систем согласно Стандардите за информациска безбедност претставува **известување** од страна на Фондот за планирани и преземени активности во делот на консолидација на информатичката инфраструктура, миграција на податоците и отпочната реализација за користење на резервна локација итн. Со кои не се менуваат конституираните состојби изнесени во наодот од оваа точка.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.6.** која се однесува на потребата за екипирање на Комисија за оцена на работната способност **не се прифаќа**, од причина што информациите кои се однесуваат на СИАП проектот се дел од наодот наведени во забелешката се презентирани во наодот од оваа точка, дека Фондот преку свои претставници учествува во работата на СИАП проектот за воспоставување Централно координативно тело (единица) за утврдување инвалидност (CDCCU), кој се спроведува преку МТС. Фондот нема доставено дополнителни докази дека овие активности се завршени поради што наодот и препораката остануваат непроменети.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.1.** која се однесува на состојби во врска со евидентирањето на имот кој е добиен по основ на стечајни постапки од должници на Фондот претставува **известување** дека Фондот ќе постапи по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2.** која се однесува на слабости во врска со наплатата на побарувањата од граѓани по основ на надомест на штети **не се прифаќа**, поради тоа што со забелешката се наведени информации кои на ревизијата и беа познати во периодот на вршење на ревизијата.

10. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува на состојби во врска со евидентирањето на хартиите од вредност во сопственост на Фондот претставува **известување** за преземени мерки по дадената препорака

кои се однесува на донесена Одлука бр.02-803/1 од 08.02.2023 година од страна на УО за бришење на акции/удели од друштва од сметководствената евиденција. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, а препораката се брише.

11. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.1.** која се однесува на спроведени две набавки и тоа на мрежна опрема (свичеви) и услуги за безбедност и поддршка на мрежната инфраструктура **се прифаќа**, поради доставена дополнителна документација поврзани со набавката за услуги за безбедност и поддршка на мрежната инфраструктура за централната локација на Фондот во кој влегува миграција и инсталација која се однесува на постоечката опрема, а не и за ново набавена опрема за која согласно тендерската документација услугите во точка 6 од Договорот за набавка на мрежна опрема (свичеви) е предвидено да се инсталира, мигрира и тестира за ново набавената мрежна опрема и поради доставените дополнителни докази за бројот на пријавени економски оператори, констатираните состојби и дадената препорака од наодот се бришат.

12. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.2.** која се однесува на начинот за докажување на техничката и професионалната способност при спроведена постапка за ЈН за набавка на компјутерска опрема (персонални компјутери, монитори, лаптопи, принтери и скенери) кои не се предвидени согласно на ЗЈН и влијае на конкурентноста **не се прифаќа,** поради тоа што во ЗЈН не е предвидена можноста договорниот орган од заинтересираните економски оператори да се бара овластување од производителот за продажба и одржување на понудената опрема за докажување на техничката и професионалната способност, а притоа за дел 1 – персонални компјутери и лаптопи да биде доставена само една понуда со цени за кои Фондот не може да потврди дека е извршена претходна проверка во однос на цените на пазарот. Ревизијата преку ЕСЈН има обезбедено докази дека за набавка на компјутерска опрема со идентични спецификации од друг орган на државната управа каде набавната цена е двојно пониска во однос на постигнатата со оваа набавка. Фондот со забелешките доставува договори за набавка на компјутерска опрема од други државни институции каде се наведени модели со значително повисоки технички карактеристики со цени кои се слични на цените кои ги постигнал Фондот, по кои е е договорена набавка на компјутерската опрема од страна на Фондот која има значително послаби технички карактеристики.

13. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.3.** која се однесува на констатирани состојби при реализација на постапка за јавна набавка на услуга за мобилна телефонија, врз основа на цена која не била предмет на наддавањето од страна на избраниот економскиот оператор **не се прифаќа,** поради тоа што наведеното во забелешката е во насока на прифаќање на констатираните

состојби а за новата набавка во 2023 година за овој тип на услуги сеуште не е реализирана.

14. Забелешката на делот од извештајот “Основ за изразување на мислење” алинеја 2 и алинеја 3 а се однесуваат на констатираните состојби од точка 4.2.4. и точка 4.3.2. **не се прифаќа,** поради тоа што нема промена на констатираните состојби во точка 4.2.4. и точка 4.3.2. и наведените алинеи во основ за изразување на мислење во Конечниот извештај остануваат непроменети.

15. Забелешката на констатираните состојби во точка 6.2 во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет кое се однесува на исплатата на средства од солидарниот фонд и регистрирани меѓусебни побарувања од фондовите на другите републики од поранешна Југославија претставува **образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на поврзана со подобрување на исплатата на средства од Солидарниот фонд на пензионерите.

16. Забелешката на констатираните состојби во точка 6.4 во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет кое се однесува на наплатата на извршни решенија кои извршителите го вршат преку Фондот **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на налозите за извршување кои се доставуваат од извршителите, во кои како должници се јавуваат корисници на пензија, а при тоа паричните средства директно се повлекувани од сметката на Фондот, за што се преземените активности од страна на Фондот за надминување на оваа состојба.

17. Забелешката на констатираните состојби во точка 6.7 изнесена во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет кое се однесува на состојбата во делот на кадровскиот потенцијал на Фондот **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на пополнетоста на систематизираните работни места, а преземените активности од страна на Фондот за надминување на оваа состојба се наведени во оваа точка од извештајот.

18. Забелешката на констатираните состојби во точка 7.1 во делот за Останати прашања е системска слабост кое се однесува на движењето на приходите и расходите на Фондот **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор известува за структурата и нивото на остварени приходи во известувачкиот период и дефицитот во исплатата на пензиските примања, како и неизвесностите по работењето на Фондот поврзани со инфлаторните движења и неповолните демографски движења.

**Забелешки од поранешниот директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, Г-ѓа Билјана Јовановска**

19. Забелешката која се однесува на точките 4.1 – Внатрешни контроли, 4.2 – Усогласеност со закони и прописи и 4.3 – Финансиски извештаи и нивните потточки **претставува образложение** во насока на разграничување на состојбите по периоди кое Овластениот државен ревизор го имаше во предвид и за истото известува во:

- точката 4.1 – Внатрешни контроли, каде за констатирани состојби на системот на внатрешни контроли кои потекнуваат од минати години во воведниот дел од 4.1.1. и точка 4.1.2. е наведено "за кои ревизијата во континуитет известува"
- точката 4.2 – Усогласеност со закони и прописи, каде за констатирани состојби кои потекнуваат од минати години и од 2021 година во рамките на точка 4.2.2. 4.2.4. 4.2.5. и 4.2.6. е наведено "ревизијата во континуитет известува во извештаите од извршените ревизии за работењето на Фондот од минати години", а во 4.2.3. се наведени активности во минатото работење на Фондот.
- точка 4.3 – Финансиски извештаи се констатирани состојби во дел од позициите искажани во Билансот на состојба и Вонбилансната евиденција кои се однесуваат на пренесени состојби од претходни години како и за тековната 2021 година кои се презентирани во финансиските извештаи за 2021 година.

Во врска со барањето за модифицирање на текстот на ревизорското мислење од извршената ревизија истакнуваме дека мислењето за финансиските извештаи е дадено согласно методолошките акти за работа на ДЗР и претставува ефект на констатираните состојби во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи.